## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 ноември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,50 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, зошто наскоро почнуваме со продолжението на седницата.

Продолжуваме со работа по 78-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Али Ахмети, Фазли Велију, Садула Дураку, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Љубчо Георгиевски, Теута Арифи, Зоран Витанов, Светлана Јакимовска, Зумрете Јакупи, Абдулади Вејсели, Владо Бучковски и Лазар Китановски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 2 - Предлог на одлука за основање Национален совет за евроинтеграции**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор?

Има збор господин Петковски.

Повелете господине Петковски.

**Тито Петковски:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани дами и господа пратеници,

Си земам за право да ве замолам две работи.

Првата работа е, онака како што тргнавме утрово, и онака имавме различни ставови по однос на ваучерите, но при гласањето се покажа дека сме апсолутно единствени бидејќи е тоа неопходно. Значи, тргнавме добро. Нашиот народ има едно верување, вели “по утрото се познава денот”, или по првиот ден од неделата се познава како ќе ни оди неделата. Значи, јас сакам навистина да ни оди денот онака како што ни тргна утврово.

Второто барање е ако може по овие теми, бидејќи се од европската агенда да се однесуваме европски. Да бидеме толерантни, со аргуметни, меѓу себе да не се дискредитираме и конечно побрзо да завршиме имајќи пред се аргументирана расправа.

Сакам да подвлечам, дека за ова што зборев ги имаме сите предуслови.

Прво, имам навистина општествен консензус. Целосен општествен консензус околку темата евроинтеграции. Сите анкети во Република Македонија со години наназад, вклучително и последната говорат дека во Македонија има апсолутно расположение меѓу граѓаните, меѓу невладините организации, меѓу стопанствениците, коморите, синдикатите, меѓу сите општествени субјекти. Значи, евроинтегрирањето сите си го сфатиле како свој приоритет и своја обрска и своја потреба.

Исто така имаме и целосен политички консензус. Сите политички партии потпишаа изјава, мислам на релевантните политички партии, дека приоритет во нивното дејствување ќе бидат европските интеграции на Република Македонија. Сите политички партии овие 8 години што одкучуваа за државните работи во Република Македонија на свој начин придонесоа Македонија да стаса до оваа фаза во европското интегрирање и претпоставувам дека е заедничка обврска и понатаму да продолжиме во тој дух. Во 2005 година се стекнавме со статус на земја кандидат за членство во Европската унија. Значи, постигнавме практично општествен косензус. Мислам дека во изминатите 8 години не го потрошивме залудно времето. Имавме сосема јасна позиција и сите влади придонесоа практично камче по камче тој македонски мозаик за приклучување кон Европската унија да биде комплетен.

На овој состав на Собранието на Република Македонија и на овие политички партии ни останува обврската да го финализираме тој процес. Заеднички да ја доближиме Македонија до европските вредности. Впрочем, во таа смисла и ја потпишавме заедничката изјава дека сите заеднички ќе делуваме кон скратувањето на патот кон Европската унија.

Практично и оваа идеја за која што денес ќе почнеме да разговараме не е нова. Потекнува уште од 2005 година и е тек на иницијативата на претходната влада. Ние си земавме само за право да ја ревитилизираме, кога велам, ние мислам на пратеничката група на НСДП. Тука нема ништо спорно. Не треба да се надмудруваме кој е авторот на идејата бидејќи до Собранието беше пратен предлог од претходната влада за формирање на Националниот совет, но до негово конституирање и до негово формирање практично не дојде. Наша обврска е да продолжиме со истото темпо со кое и беа амбиции на почетокот кога оваа иницијатива дојде во Собранието на Република Македонија и да покажеме дека можеме да направиме политички консензус можеме да направиме компромис со националните и државните интереси. Мислам дека е тоа обврска повеќе за сите нас. Значи, ни треба почитувани колеги концнтрирана општествена енегрија и затоа предлагаме во овој Национален совет за евроинтеграции да бидат пракитчно застапени сите општествени струкутри, а тоа значи да се зголеми и улогата и одговорноста на Собранието на Република Македонија. Затоа предлагаме во Советот на квалитетна основа да партиципираат како партиите од власта, така и партиите од опозицијата. На чело на Советот да стои пратеник што ќе го определи опозицијата токму

заради создавањето на конструктивна атмосфера внатре во националниот совет кој ќе треба на преден план да ги детектира националните интереси, приоритетите и да ги совладува сите недоразбирања и конфликти би рекол, бидејќи очигледно е дека последните неколку месеци се зголемува конфликтот меѓу политичките партии они кои што имаат високо влијание кај граѓаните и со наш јазик кажано, кој имаат висока подршка и тоа се верификува на изборите.

Предлагаме исто така ова тело да биде со доминантна собраниска структура токму заради улогата на Собранието, но заради потребата од поширока општествена подршка предлагаме во него да учествуваат и луѓе од извршната власт, но да учествуват и луѓе од сферата на науката, МАНУ и се разбира од невладиниот сектор до новинари. Многумина ќе кажат зошто токму новинари. Нас ни треба и создавање на вкупна атмосфера, креирање на јавното мислење во насока на совладување на конфликтите меѓу политичките партии и ставањето на преден план на државните интереси, а тоа очигледно дека може да го направат само новинарите.

Исто така сметаме дека би било добро, гледаме дека има некои иницијативи да не се вклучат синдикатот и работодавачите односно коморите, можеме да разговараме, ова е предлог за донесување на одлука, практично сите опции се отворени, со аргументи зошто сметаме така или зошто сметаме дека не треба да биде така.

Сметавме дека е добро и синдикатите и комората да бидат вклучени и оние невладини организации кои на преден план во своето делување ги има евроинтеграциите. Но, и ако има различни мислења навистина треба аргументирано околу тоа да разговараме.

Значи, ни треба вкупна позитивна општествена атмосфера за да дојдеме до забрзување на процесот на европските интеграции. Нема потреба и не сакам да губам време да ги образложувам причините кои што се обврска повеќе за нас од Извештајот на Европската комисија и се разбира она што се случува околу нашиот втор приоритет, приклучувањето на Македонија кон НАТО.

Целта пред се е забрзување на процесите за интегрирање на Република Македонија кон Европа. Значи, ако може да продолжиме во овој дух, како што започнавме, конструктивен, мислам дека брзо ќе дојдеме до формирањето на националниот совет. Ни треба националниот совет од многу причини. Јас ќе ви кажам сам како Комисија за европски прашања последните неколку месеци сме во континуиран контакт со нашите колеги од европските земји.

Бевме, пред некој ден тука беа холанѓаните, за два три дена ни доаѓаат англичаните, за една недела ни доаѓаат словенците кои што претседаваат со Европската унија во наредните 6 месеци, пред извесно време бевме гости јас, господин Спасеновски и господин Незири на нашите колеги од Хрватскиот парламент и видовме тие како го изодиле патот и се што направиле од формирањето на националниот совет до денес.

Ние често пати овде разговараме дека ни треба датум за почеток на преговори. Се разбира дека ни треба и тоа е желба на сите нас, но мислам дека не сме ни свесни колку обврски имаме доколку го добиеме датумот. Тоа го видовме кај нашите колеги во Словенија, пред тоа во Хрватска. Тие имаат ангажирано маса луѓе. Како дошле до главниот преговарач. Значи, Националниот совет е амортизер за тие силни тензии меѓупартиски и тој е во континуитет задолжен да му одговара на Собранието координирајќи ги сите општествени активности.

Само ќе ви спомнам дека тешко ќе дојдеме како држава ако не можеме да дојдеме до националниот совет, тешко ќе дојдеме до утврдување на главниот преговарач. Тој има и двајца свои заменици. Се ангажираат некаде околу 4 илјади луѓе во првата фаза од кои 2 илјади луѓе идат на специјализација за преведувачи на правото. Значи, ни треба еден процес долгорочен. Ако побрзо ја отпочнеме таа процедура многу побрзо ќе дојдеме и до целосен консензус околу подготовката целосно Република Македонија да ги започне преговорите со Европската унија.

Затоа почитувани колеги сакам да ве замолам сите, ова нека биде почеток на една наша континуирана одговорна дебата за потребите од создавање на вкупна општествена атмосфера во државата за забрзување на процесот за наше приклучување кон Европската унија бидејќи ни следува после тоа и имаме точка најавено, за Извештајот на Европската комисија, за прогресот на Македонија оваа година и мислам дека имаме обврска да покажеме пред граѓаните на Република Македонија дека сме способни како политички партии да направиме консинзус околу овие приоритети и да покажеме дека сме способни да ја воведеме Република Македонија во Европската унија.

Првиот тест за нашата политичка зрелост и одговорност мислам дека го полагаме сега со формирањето на националниот совет за евроинтерграции, а се разбира и натаму како одговорно ќе се однесуваме кон сите прашања кои се испречени на патот кон интегрирањето на Македонија кон Европската унија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И јас ви благодарам господине Петковски.

За збор се јави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Дел од координацијата што се договаравме би сакал да ги пренесам и забелешките, како и да направиме дополнителни консултации, а во интерес да не го одолговлекуваме времето во име на пратеничката група барам половина час пауза за да можеме да продолжиме во 13,30 часот.

**Љубиша Георгиевски:** Половина час пауза.

(Пауза до 13,06 часот)

(По паузата, седницата продолжи во 13,48 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со претресот по текстот на Предлог одлуката.

За збор се јави господин Сафет Незири.

Господине Незири ќе се вклопите ли до 14,00 часот или и после ќе продлжите. Како ќе одберете вие од вас зависи.

**Сафет Незири:** Ќе видиме.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете. Имате добри 12 минути.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине претседател.

Врз основа на излагањето на идеата за да се формира еден национален совет за евроинтеграции на Република Македонија е тема која навистина треба сериозно да се елаборира, да се расправа и дебатира, околу тоа како Република Македонија ги исполнува, или не ги исполнува критериумите за да биде една од државите кандидати кои ќе го стекнеме договорот за вклучување во големото европско семејство.

Господине претседател, ако има можност за услови за работа. Ви благодарам.

Врз основа на тоа што ја гледаме како тема, навистина да се расправа за такво прашање, мислам дека Република Македонија има голема потреба за формирање национален совет, за да ги координираме работите на Македонија да и се олесни состојбата, односно политичката состојба за да пристапиме во големото европско семејство. Но, пред се, сите сме сведоци на разни случаи дека во Република Македонија политичката клима и односите меѓу политичките односи и меѓуетничките односи во Република Македонија не кажуваат искрен показател и показател кој оди во насока на подобрување на состојбата во Република Македонија за да го добиеме датумот за преговори за членство во Европската унија.

Добро знаеме какви се меѓуетничките односи во Република Македонија. Добро знаеме какви ни се меѓуполитичките односи во Република Македонија,какви се релациите опозиција и паралментарно мнозинство. Добро знаеме каква несериозност претставуваат институциите кои се владеат од оваа Влада и добро знаеме и сведоци сме на случаи како премиерот на вчерашната изјава и од многу поранешни изјави говори и дава изјави пред средствата за јавно информирање, изјави сосема аматерски, изјави би рекол, несериозни и смешни изјави. Со сите тие изјави настојува и се труди дека ќе го наруши кредибилитетот на Република Македонија пред внатрешната и посебно пред надворешната јавност, само со една цел за да го покачи својот личен рејтинг и можеби партискиот рејтинг, оштетувајки ги интегрирачките процеси на Република Македонија во насока на нашето членство во Европската унија, незапоставувајки ги се разбира и НАТО структурите. Државните институции владеени од парламентарното мнозинство, горе долу се настојува на свесно или несевесно, ова што нема голема причина, не оди во насока на подобрување на овие горе спомнати насоки, туку се оди на влошување и потценувањето на многу политички опоненти , на малтретирањењто на многу политички движења. Во насока на тоа, со една цел, парламентарното мнозинство да биде релаксирано и неимајки ги предвид државниот интерес и националниот интерес на Република Македонија, во насока на интегрирањето на Република Македонија во Европската унија. Се додека државата настојува и се труди да преземе полициски акции, воено полициски акции во насока на тоа да бидат еднострани во насока на оштетувањето и малтретирањето и физичкото елиминирање на државјаните на Република Македонија на сите тие кои не им припаѓаат на макеоднскиот етникум кон оштетувањето на сопственоста, приведување на невини луѓе и сите одат во контото на парламентарното мнозинство во контото на граѓаните на Република Македонија и на контото на Република Македонија во целост на државата и на нашето оштетување за наше приклучување кон Европската унија.

Сите овие работи господине претседателе Петковски со желба и ние како парламентарна група сме за тоа дека треба да се формира национален совет и на Република Македонија и на нашите граѓани да им се олесни позицијата и нашето чекорење кое оди во насока на интегрирање да го добиеме датумот за членство во Европската унија.

Но многу вакви елементи кои јас ги спомнав, навистина одат на штета на тоа и сигурно до колку не се подобри нашето чекорење, или методологијата на работата на оваа Влада ќе имам едно немање на вредност на овој национален совет кои сте ни го понудиле да го формираме и да го олесниме нашето членство кон Европската унија. Непочитувањето на советите на претставниците на Европската унија во Македонија, непочитување на советите од претставниците на НАТО структурите, кои се претставници во Република Македонија и од Брисел, игнорирањето на советите на амбасадорот на САД во НАТО која беше во Република Македонија, госпоѓа Њулан, сите овие работи водат во ставање под сенка на позицијата на Република Македонија и нашата надворешна политика и интегрирачката политика било во НАТО или во Европската унија.

Посебно ни укажаа не само на премиерот, не само на ова мнозинство, туку на цела Република Македонија ни укажаа дека треба да се реши прашањето и да заврши Охридскиот рамковен договор.

Второ, да се уреди прашањето на мајскиот договор каде на вчерашната изјава на господинот Груевски, кој на игнорантен начин , не само што ги игнорира граѓаните на Република Македонија, не само што ја игнорира Република Македонија, но исто така ја игнорира и позицијата на

Република Македонија паралелно со Европската унија. Сето ова придонесува кон влошување на состојбата на Република Македонија и посебно ова го одолговлекува добивањето на датум за да отпочнат преговорите за членство во Европската унија. Никогаш да не настојува господинот Груевски дека цел свет го знае тоа дека мајскиот договор има пет точки. Тие точки ккој ги спомна господинот Груевски се однесуваат само на една точка во мајскиот договор. Има уште четири други точки од тој договор. Ако и сака добро на Република Македонија, тоа треба да се реализира.

Потоа, Република Македонија околу позицијата на името, треба да го реши прашањето и стусот на името, паралелено билатералните и мултилатиралните односи кои се надвор. Инаку Република Македонија нема да го знае крајот кога Република Македонија ќе има гаранции за да се вклучи во овие две структури во Европската унија и во НАТО. Меѓу соседските влошени односи на Република Македонија со тврдоглавоста на оваа Влада, со тврдоглавоста, да не спомнам со нарцизоидност, или самовљубени во својата политика, во издигнувањето на својот личен рејтинг, можеби и на ДПМНЕ, но за жал, на штета на граѓаните на Република Македонија.

Исто така, прашањето за кохабитација меѓу претседателот на државата и премиерот. И ова е можеби еден од приоритетните, ако не и клучните елементи на Република Македонија за една сериозна држава, за една сериозна демократија, за една политичка флексибилност, или политичка опонентност во Република Македонија. И ова секако недостасува, посебно од ова актуелно парламентарно мнозинство, кое ја сноси одговорноста.

Исто така имаме сугестии од меѓународниот фактор дека тие настојуваат да ни помогнат, како да ги подобриме грешките што сем ги направиле да не ги повториме, и овие грешки да ги корегираме.

Република Македонија и актуелната Влада продолжуваат со истиот курс за жал, посебно имаме забелешки и сугестии во јавната администрација каде изјавите кои ги имаме и Извештајот од Европската унија и НАТО, се говори за една нестручна администрација, за една политизирана администрација и политичка. Недостаток на политички дијалог, недостаток на едне член во Судскиот совет на Република Македонија и многу други елементи, кои Република Македонија ја водат надолу, а не ја унапредуваат.

Господине Петковски јас ви честитам за овој предлог и добро е нашата парламентарна група на ДУИ е во таа насока дека треба да се формира национален совет за евроинтеграции, но клучните предуслови се Македонија да исполни неколку од овие критериуми кој ги спомнав, бидјеки имаме и други критериуми, Македонија навистина да биде спремна и зрела политички, стручно, професионално и од аспект на демократијата, да се вклучиме во овие структури.

Поради ова, Република Хрватска, сите овие елементи и појави, иако можеби имаше неколкугодишна борба,односно војна на нејзина територија, но овие проблеми не постоеја таму. Знаеше да ги елеиминира со една политичка флексибилност и со добри меѓуполитички и меѓуетнички пробелми во Хрватска кои се надминати. Меѓутоа, ние изгледа не знаеме да слушаме, ние сме глуви за тоа што не советуваат, се слушаме само себе си, но гледајќи се човек само себе, може да падне во провалија, а никако да оди кон светлоста, кон која целиме сите, кон Европската унија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам пауза за ручек до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,08 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам колегите пратеници да влезат во салата, ќе продолжиме со работа.

По дисплејот за збор е пријавен господинот Веле Митаноски.

**Веле Митаноски:** Благодарам потпретседателе.

Јас се надевам дека ќе продолжиме онака како што почна колегата Сафет, а пред тоа не насочи и воведниот излагач господинот Тито Петковски.

**Иван Анастасовски:** Значи, предлагачи сме јас и колегата Митаноски.

На почетокот не се кажа кој е овластен предлагач.

**Веле Митаноски:** Јас да продолжам, а вие после договарајте се. Ние сме колега Макрадули на општата расправа. Имаме време да се договориме.

На почетокот неколку збора зошто пратеничката група на НСДП токму во овој момент ја реафирмираше идејата, или иницијативата за создавање на еден поширок фронт или коалиција за европска Македонија. Кога работевме на овој проект мислевме и како на проект во континуитет за што Петковски посебно потенцираше, но исто така, мислевме и на адекватноста на моментот. Од тие причини самата идеја на некој начин коинцидираше со извештајот со она што ни претстои како обврска за реализација на задачите од извештајот. Натаму, со она што ни претстои како време околу завршните, или како што од нас рекоа, последните сто метри од маратонот кон НАТО пред самитот во Букурешт. И, ако ми дозволите во овој момент би додал уште и би го спомнал и регионалниот аспект, а тоа е најновата грчка офанзива околу наметнатиот спор со името, со нашето уставно име. Исто така, не треба да се заборави она што е како актуелен момент околу Косово. Двајцата соговорници на оваа тема до сега мислам дека со право го потенцираа прашањето на националниот консензус кој што постои во Република Македонија во однос на нашата Евро-Нато посветеност. Мислам дека со право

двајцата досегашни соговорници покрај за континуитетот на ова прашање и на сите учесници од сите сегменти во општеството со право инсистираа и на прашањето на националниот консензус. Зошто во овој момент е потребен еден ваков сојуз, една коалиција за европска Македонија? Ќе ми дозволите да сублимирам две мислења, две сентенци што ни ги кажуваат европјаните и коа се овде, а и ги слушаме кога сме таму. За мене е највпечатлива онаа која од прилика вика: помогнете ни, да ви помогнеме, без да елаборирам повеќе што тоа значи, биејќи вие тоа подобро од мене го знаете. И уште една работа, уште една сентенца што нашата собраниска делегација овие денови можеше да ја слушне уште еднаш во една европска метропола, а тоа е одговорот на прашањето, кога ќе добиеме датум за преговори, не се пишув во Берлин, во Брисел, туку се пишува во Скопје. Исто така, многу добро знаете што сакам да кажам и не би сакал повеќе да елаборирам.

Во овој дел уште еднаш би сакал да го повторам прашањето на консензусот во внатрешната политика, но само како тежина, како уште една додавка, а не како елаборација, бидејќи двајцата претходни дискутанти со право инсистираа на тоа прашање. Исто така, она што ние сакаме да го постигнеме со оваа иницијатива е да го наглсиме државниот приоритет на Република Македонија како евро-НАТО посветеност, односно од ова да направиме, односно да наметнеме една општа државна задача кон која ќе се придржуваат сите субјекти, сите сегменти на општеството. Во овој дел иако до сега не беше споменато, меѓутоа јас исто така сакам да се заблагодарам на Сафет за поддршката кон нашата иницијатива, но исто така да се согласам дека во овој дел како задача ни стои и она за што тој говореше, а тоа е до следната примена на Охридскиот рамковен договор. Понатаму, со оваа иницијатива сакавме исто така да поттикнеме многу попродуктивен политички дијалог, бидејќи исто така со право во последно време имаме забелешки од страна на нашите пријатели во Европа и пошироко.

Што во овој момент исто така, сакаме да постигнеме со оваа иницијатива? Сакаме да го поттикнеме политичкиот дијалог на релација позиција опозиција, сакаме да го поттикнеме политичкиот дијалог на релација Влада опозиција и исто така не е табу тема ако кажам дека и претходно Сафет тоа го зборуваше, дека сакаме да поттикнеме поголема соработка на најважните, или носечките политички институции во државата како што се од една страна првите луѓе во Владата, од друга страна Парламентот, Шефот на државата итн. И како што и овие денови ни кажаа нашите европски пријатели, овие некои дилеми кои што создаваат нови проблеми и непродуктивен политичкли дијалог и расправа конечно еднаш како што повеќе пати ни е речено да ги испратиме во историја.

Она што исто така, не мотивираше во овој момент да пристапиме кон реафирмација на оваа идеја се прашањата кои што и во последниот извештај ни се нотирани како позитивни нешта, како постигнати дострели, но исто така и некои пршања по кои што треба малку повеќе да поработиме.

Ако ми дозволите јас ќе почнам со позитивните нешта, не само затоа што сум пратеник од владеачкото мнозинство, туку затоа што мислам дека и во земјата, а особено во странство ни треба по некој пат и почесто да ги нагласуваме и позитивните нешта, бидејќи и при последното излегување надвор имав прилика да осведочам дека не секогаш наоѓаме сили да ги подзаборавиме нашите нешта, кавги итн. Барем надвор да се претставуваме во едно реално светло, а не да нафрламе уште повеќе црнила врз нашиот сеопшт лик. Во таа смисла ќе ми дозволите да ги апострофирам прашањата, односно напрдокот во делот на два сегменти и од причини, еве јас нема да кријам, мојата партија ја има непосредната одговорност во овој момент, а тоа е напредокот во делот на економијата од аспект на инфлацијата и порастот на бруто националниот доход, па и почетните резултати во производството, борбата со корупцијата исто така треба да ја нагласиме. Имавме мотив да ја нагласиме. Јас не сакам да повторувам сега на таа скала напредокот за 20-тина места, меѓутоа сакам да ви кажам дека скоро пред една недела со група колеги во Тирана пристапивме кон општото семејство, светското семејство за борба против корупцијата и Република Македонија меѓу другото и поради резултатите што ги постигнува е не само член, туку нашите претставници се во самиот Борд на огранокот на Гопак за Југоисточна Европа.

Ќе ми дозволите исто така, да ги афирмирам резулатите во делот на одбрната како што пред малку без да споменувам имиња ставив една мала забелешка кога настапуваме надвор малку повнимателно да настапуваме. Сакам да потенцирам и позитивни искуства од колеги кои што беа во групата сега што бевме во Берлин и кои што со право Република Македонија ја третираат, односно ја нагласуваат се повеќе како извозник на регионална стабилност, а не како на клиент кој што некој друг требаше да му ги решава прашањата. Секако јас сум свесен за сите проблемли. Но, во овој дел сакам да ја нагласам и нашата позиција, нашата улога како учеснци на глобалната безбедност. Сега не би зборувал. Идејата и мислата ми е околу нашата партиципација во мисиите. И да завршам во овој дел она што е наша цел како пратеничка група, како Новасоцијалдемократска партија мислам и како држава, како национален интерес е членството во НАТО и во таа смисла, барем од она што овие денови повторно го слушаме, останува старата мисла, старата идеја, стариот совет од европејците дека вратите за НАТО за нас се сеуште отворени и од нас зависи кога ќе го пречекориме тој праг. И токму од тие причини ние во тој склоп на европосветеност ја иницоравме и оваа идеја од аспект на нашиот скорешен, да

речам скорешна очекувана покана за НАТО алијансата.

Во овој дел, бидејќи сум и од професијата, би сакал да потенцирам и јас малку работев на документот. Сакам да го потенцирам напредокот на колегите, на медиумите, на медиумската заедница од аспект на зголемувањето на слободите на медиумите. Бидејќи како пратеник гласав, напредокот го гледам и во верските слободи, Законот што го донесовме итн., се што заедно до овој момент ќе кажам беа мотивите, водилките кои што нас не иницираа за реафирмација на оваа идеја. И мислиме дека со овој чин ние ќе направиме уште еден чекор кон зацврстувањето на општата демократизација во земјата. Секако ние бевме свесни и за извештајот и за општите состојби и не бегавме од она што ни се укажува за недоволно направен напредок и мислевме дека токму преку овој чин, преку оваа иницијатива, ако сакате и преку оваа расправа ќе направиме нов исчекор во подрачјата каде што со право ни се упатуваат забелешки, а тоа е по прашањето на една поширока волја, за едно пошироко политичко единство, за еден попродуктивен политички дијалог со компромиси на кој што постојано инсистира пратеничката група на НСДП. Ние исто така, сакаме да кажеме дека не е продуктивно за нашата земја ако критиките, ако вината за решените, нерешените итн., и пофалбите да бидат заеднички, меѓутоа, исто така и вината не може да се префрла од еден на друг. Во тој дел исто така, бевме свесни дека заостануваме во реформите во судството и мислиме дека и оваа расправа ќе го поттикне тој процес. Во моментот кога работевме на документот барем на почетокот не се кршевме низ призмата на една ново наметната тема како што е грчката офанзива околу нашето уставно име во контекст на Евро-НАТО приближувањето. Меѓутоа, некако таа работа се совпадна и мислам дека ниту ние тоа го сокриваме, често го повторуваат и нашите лидери и мислам дека и за тоа прашање треба а се дискутира, но не од аспект на некакви отстапки, туку од аспект на афирмација на нашите идеи, на нашата позиција во светот. И мислам дека е токму и овој момент и по ова прашање тоа да го истакнеме, бидеќи она што самите го продуциравме и во оваа куќа, мислам дека дојде во најнезгоден момент и мислам дека им даде нови крилја на Грците тоа да го наметнуваат. Меѓутоа, јас сум сосема свесен дека правдата, вистината е на наша страна, иако во светот одлучуваат некои други фактори, меѓутоа, сакам да кажам најотворено дека и јас и сите ние ќе застанеме околу уставната позиција, уставното име. Меѓутоа, мислам дека сите ние заедно и како парламентарна дипломатија и како стручна дипломатија треба многу повеќе сега да имаме една офанзива да парираме на грчката офанзива со истакнување на нашите ставови, бидејќи колку што јас можев овие денови да слушнам, позицијата на светските авторитети во однос на Македонија не е битно променета и мислам дека и од Брисел не се очекува да биде арбитар, туку и од таа страна ни се сугерира ние да градиме едно добро соседство, билатерална иницијатива кон Грција за да ги побиеме нивните аргументи, бидејќи јас кажав дека аргументите се на нашата страна. Од прилика тоа сакав да го кажам. Ние секако кога работевме на документот, кога го имавме од аспект тој регионален момент и опкружување мислевме и на прашањето за Косово. Меѓутоа, тука нашите позиции се јасни. Јас само ќе ги реафирмирам уште еднаш. Ние се залагавме и се залагаме за проактивна политика на нашата земја кога е во прашање Косово и ние исто така се залагаме за решение кое што нема да продуцира нови рани на Балканот и за едно решение кое што нема да биде избрзано и мислам дека треба да се исчекаат некои ситуации во Европа околу руските избори итн.Мислам дека и меѓународниот фактор ќе има повеќе разбирање да се дојде до решение кое ќе значи многу повеќе компромис и во секој случај ќе значи решение кое што нема да продуцира нови проблеми.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Дозволете пред да започнам да го искажам моето лично разочарување зошто на оваа дебата нема поголемо присуство на претставниците на владеачкото мнозинство пред се од ВМРО ДПМНЕ, бидејќи ако навистина сакаме не само да ја декларираме нашата подготвеност во чинот на гласање, туку генерално и во расправата и во сугестиите, мислам дека под број 1 треба да бидат присутни речиси сите пратеници на ВМРО ДПМНЕ како доминантна владеачка партија. Мислам дека вие кога ќе ми речете дека, претпоставувам биле поканети и претставниците на Владата, дека во најмала рака вицепремиерката задолжена за европски интеграции, или пак министерот за надворешни работи требаше да присуствуваат денеска на оваа дебата од проста причина што носиме, или ќе донесеме одлука која што не претставува изолиран чин сама за себе, туку треба да претставува само дополнување на системот кој што констатираме дека не продуцира резултати во изминатиот период.

Зошто денес расправаме за донесување или изгласување и формирање на Национален совет за евроинтеграции? Јас не мислам дека ова претставува планирана коинциденција од страна на предлагачите, едноставно ова е идеја која не е ниту вчерашна, ниту од скоро, таа идеја постои подолг временски период во Република Македонија. Да ве потсетам дека во 2005 година постоеше предлог од страна на тогашниот премиер претседател на Владата Бучковски за формирање на ваков совет, но за жал тогаш со состојбите во опозицијата не беше формиран чисто од лични или кадровски аспирации. Апсолутно немам намера да навлегувам во расправата за тоа на кого прво му текна или кој

прв го предложи од проста причина што станува збор за една идеја која е била иманентна и на останатите држави, сега веќе членки на Европската унија, а е подолго време присутна. Формален предлагач е група пратеници и СДСМ веднаш на почетокот ќе кажам дека ќе го поддржи формирањето на Национален совет за европска интеграција. Нормално, во оваа фаза предлагаме многу сериозни и суштински амандмани кои се исклучиво во насока на подобрување на текстот на одлуката и се надевам дека ќе бидат прифатени како од предлагачите така и од владеачкото мнозинство.

Пред 15 дена ни беше соопштен и презентиран Извештајот на Европската комисија. Тоа е втор во мандатот на оваа Влада и за жал и во давата извештаи разликите се минимални, или обратно, во 95% ситуациите се повторуваат. И во 2006 година и во 2007 година имавме куриозитети што не би трабало да се очекуваат од сериозна членка, кандидат за членство во Европската унија, а тоа е на пример враќање на критериуми кои се доминантно од политичка природа, а кои не постоеле во претходните години. На пример, политичкиот дијалог како критериум не само како обврска, туку како критериум за натамошно напредување во овој процес не постоеше во 2005 година, кога Македонија го доби статусот на кандидат. Немањето на кохабитација или немањето на политички дијалог и култура помеѓу претседателот на Владата односно премиерот и Владата генерално и претседателот на државата или помеѓу партиит од власта и опозицијата, или по ново меѓу партиите во коалицијата не постоеја како политички критериум во 2005 година. Ако некој го говори ова, не значи дека не сака Македонија да се движи понапред. Ќе апелирам тезите кои ќе бидат споменувани, а се во смисла дека денес не смееме да ги кажуваме работите со вистинско име и презиме и да гледаме од денес напред се некоректни и неточни тези, бидејќи за да знаеме што треба да промениме треба точно да ги лоцираме со име и презиме и да ги поставиме работите како што се.

Во таа смисла, денес не смеема да направиме една многу голема грешка а тоа е дел од пратениците да бидат убедени или уште пострашно, да ги убедуваат граѓаните дека Националниот совет за европски интеграции ќе претставува еден вид супститут на Владата или на Собранието во исполнувањето на сопствените обврски, бидејќи Македонија од 1990 година до сега има јасно поставена и утврдена уставна поделеност на властите и јасно разграничување во смисла на тоа и на обврските и на одговорностите. Постои Собрание кое е составено од пратеници избрани на непосредни избори, Собранието врз база на резултатите на изборите и одлуките на партиите избира политичка влада и таа има одговорност пред Собранието и пред граѓаните, на непосредни избори избира претседател кој има изворни уставни ингеренции во делот на надворешната политика и одбраната и апсолутно не можеме, дури и да сакаме, со формирањето на ваков Национален совет, ваквите релации и уставни поставености да ги измешаме, а гледам такви тенденции. Значи, Собранието усвојува закони по предлог на Владата, Владата е таа која што ги подготвува и предлага законите, на крајот на избори се верификува или се казнува политиката на Владата односно на владеачките партии.

Во изминативе 15 месеци Македонија објективно, како сакате свртете го или како сакате речете го, има застој во своите евроинтеграции. Фактот што во последниот извештај не добивме датум за преговори е круцијалниот или многу доволен показател да се каже дека Македонија во најмала рака не се приближи напред, во некои сегменти остана во место, во некои сегменти се врати назад. Во животот не се движите напред, значи не се постигнале успех. Самиот факт што во многу ситуации имаме статус кво покажува дека работите кои што сме требале и сме земале обврска пред граѓаните да ги направиме не се направени и тука треба да има јасно разграничена одговорност во смисла за односот на Владата и премиерот спреме претседателот не е виновно Собранието, одговорноста се лоцира кај Владата. За неусвојувањето или нереализирањето на најголемиот број обврски не може да биде виновно единствено Собранието, и вчера СДСМ до јавноста ги презентираше единствено објективните одатоци, а тоа е дека 583 активности во најширока смисла на зборот што ќе рече закони, именувања, назначувања, подзаконски акти, предлог текстови и ред друго не се донесени или се донесени со пробиени рокови не во Собранието туку во Владата и нејзините соодветни институции. Тоа мораме да го знаеме за да знаеме од кого треба да бараме во наредниот период да ја заврши работата која до сега не е завршена, а тоа е Владата на Република Македонија.

Националниот совет за евроинтеграции треба да ја одигра својата политичка улога за релаксирање на ситуациите меѓу соодветни институции и да биде еден дежурен потсетник на сите институции поединечно дека секоја од неа мора да си ја завршува својата работа.

Од тие причини, Советот во себе мора да содржи механизми кои на крај ќе овозможат резултат, а нема да бидат само ново тело кое дополнително ќе ги замрсува и онака проблематичните релации меѓу институциите.

Затоа, СДСМ со многу практична намена и со многу конструктивен предлог бара премиерот да биде дел од овој Национален совет. Јас верувам дека неговото членство во овој Национален совет нема да направи да му падне круната од главата или дека досегашното неизјаснување на владеачките партии за учеството на премиерот не е резултат како што често пати се констатира во медиумите и во пошироката јавност дека е резултат на суетата, од причина што за овој Национален совет кој што ќе повторам не смее да биде супститут на Собранието и не може, не

смее и не може да биде субститут на Владата, во себе мора да ги има сите релевантни фактори кои, ако декларативно се изјаснуваат дека се за забрзување на ЕУ процесот, а декларативно се и практично да придонесат за таквото нешто. Паритетот кој што е предложен и кој што треба да овозможи баланс е во ред, учеството на различните, освен политичките партии, во овој Национален совет, структури е исто така во насока на порепрезентативно запазување и тоа е во ред, но клучниот аргумент е дали овој Национален совет ќе биде формиран само заради формирање и за да утре, не дај Боже, ако работите пак не ни чинат, одговорноста ќе ја дисперзираме и ќе ја лоцираме наместо со име и презиме во Владата и во овој Национален совет. Тоа е многу битно да го расчистиме на самиот почеток. Со која мотивација, со кои очекувања и со која системска поставеност на националниот совет ова Собрание ќе му го даде мандатот, ќе му го даде легалитетот. Јас мислам дека Националниот совет е добар и треба да се формира како предлог, но тој може да биде успешен само ако е дел од концептот и дел од поширокиот системкој што СДСМ го предложи по добивањето на извештајот. Да ве потсетиме дека СДСМ во март 2007 година предложи усвојување на заклучоци од ова Собрание со кои ќе направиме вистинска брза лента за донесување на ЕУ и НАТО законите. Сеуште тој предлог фаќа прашина во архивите на ова Собрание. Се пропушти таа шанса и одбивањето на тој предлог од страна на владеачките партии, пред се од ВМРО-ДПМНЕ придонесе и за ваквиот резултат на последниот ноемвриски извештај на Европската комисија. Можеби да усвоевме едни такви заклучоци, бројката од 583 активности ќе беше помала. Можеби тоа немаше да го промени исходот на крај, но дефинитивно ќе беше поинаку.

Националниот совет ќе мора да има обврска да влијае политички Владата, повеќе да се ориентира на носење, под број 1 и под број 2, на квалитетни и применливи закони, бидејќи ако внимателно го читате извештајот, дури и да не сакате да верувате кога критикуваат, ќе видите дека Европската комисија констатира дека Владата во желбата да ги поправи грешките избрза и предлагаше на Собранието лоши и неквалитетни или на крајот неприменливи закони, а тоа е конкретно нотирано. Таква ситѕуација не смее да се повтори понатаму. Токму затоа СДСМ предложи Комијата за европски прашања да направи анализа на сите постоечки во моментот присутни закони во Собранието на Република Македонија, да го процени и да го провери нивниот квалитет и истите да ги предложи на Собранието, па да се донесат во процедура не подолга од три дена и едноставно да знаеме дека собранието тоа што требаше да го направи во март, април, мај а не го направи затоа што Владата не си ја заврши домшната задача, конечно да го сториме.

Апсолутно верувам, колеги од владеачкото мнозинство кога патувате и ги прашувате нашите колеги од државите веќе членки на ЕУ како тие ги спроведувале активностите, се согласувате со нив кога ќе ви речат дека Владата е таа која што го има најголемиот товар и најголемата обврска и за тоа ја сноси најголемата одговорност. Бидејќи во Хрватска или во Словачка и Чешка не сме ги слушнале премиерите и владите да ја обвинуваат опозицијата и Собранието за тоа што тие не го направиле, бидејќи таму постои ред и се почитува уставниот поредок. Таков уставен поредок постои во Македонија, проблемот е што не се почитува и се извитоперува. Да се надеваме дека пораките од европскиот извештај делуваа отрезнувачки. Јас не сум многу оптимиста ако ги имаме предвид настаните од последниве десетина дена, бидејќи искрено очекував ако Македонија добие објективен, а во исто време и негативен извештај, некој во Владата ќе се загрижи, па ќе ги свика претседателите на владеачките партии и ќе рече луѓе, ја згрешивме работата, ајде да седнеме да видиме што може да се оправи бидејќи ако продолжиме со праксата која што можам да ја слушнам пред се од владините претставници дека не е битно кога Македонија ќе започне преговори, или не е битно кога Македонија ќе влезе во Европската унија, се доведуваме во ситауција на едно апсолутно неприфатливо релативизирање на фактите, бидејќи јас немам ниту сакам ниту можам да живеам 300 години, па да ми биде ирелевантно кога ќе влезам во Европската унија заедно до останатите граѓани во оваа држава, бидејќи една пропуштена година од преговорите, а во моментот пропуштивме две значат мултиплицирано задоцнување за влезот како полноправна членка, бидејќи Македонија дури и да има среќа, а како резултат на заработеното, но за тоа ќе видиме допрва, да добие датум за преговори кон крајот на 2008 година, цела 2009 година ќе ја потрошиме за подготовка на тие преговори, реално ќе можеме да ги започнеме 2010 година, а компаративните искуства кажуваат дека во идеална ситуација се потребни 4 до 5 години да се завршат преговорите. Значи најрано од денес треба да им кажете на граѓаните дека двете години на пропуштени датуми за преговори значат влез во идеална ситуација, што во исто време е многу лоша, во 2015 година. Ќе се согласите тоа не е исто како во 2012, 2011 или она кое што го поставивме како цел во 2006 година, Македонија да влезе најрано 2011 година во ЕУ како резултат на спроведените обврски.

СДСМ предложи и сеуште нема добиено одговор од страна на Груевски и на владеачкото мнозинство кога ќе го докомплетираме Судскиот совет. Зошто не го прифативте нашиот предлог тоа да го направиме во петокот, во четвртокот или во средата. Зошто доцни назначувањето на командирите на полициските станици, нешто што требаше да се направи заклучно со 11-ти минатата недела или потоно минатиот

понеделник. Зошто сеуште во јавноста прецизно јасно и гласно со доза на сериозност не се излезе да се каже кој е мајскиот договор меѓу Груевски и Ахмети. И ако ништо од ова не се случи, се плашам дека сите добри желби кои се декларативни ќе паднат и ќе испарат, нема да постојат. Ќе остане само фактичката ситуација, а тоа е дека Македонија одамна не се движи со забрзано темпо во делот на својата интеграција во ЕУ.

Националниот совет ќе повторам е само дел од целиот концепт, а концептот може да биде успешен само ако има волја. Таа волја граѓаните веќе не ја мерат со изразена желба, бидејќи од желба не се живее, од сакање не се живее. Од формулациите "мислевме ама не направивме" резултати нема. И што попрво Владата го сфати тоа, толку подобро за цела држава, бидејќи ќе дојдат избори порано или подоцна на кои ќе се утврдува политичката одговорност. Тогаш ќе се даде судот, наградата или казната за направеното или несработеното. Ама до тогаш, а и потоа би рекол, целата штета не паѓа само на Владата, паѓа на сите граѓани кои дадоа мандат некој да ги води напред, а не да ги враќа назад. Никој нормален во светот не дава мандат на некој да му ги троши не само парите, туку и времето од неговиот живот. За жал, тоа ни се случува во моментот и Националниот совет може да биде барем денеска декларативен исчекор напред. За да биде практичен мора тоа што го зборуваме сите и да го примениме во пракса. За почеток, не сфаќам и не можам да верувам дека владеачкото мнозинство сеуште ќе се дави во арогантноста и во самобендисаноста и нема да дозволи премиерот Груевски да биде дел од овој Национален совет само заради суетни причини. Апсолутно местото му е таму, исто како што добар дел од пратениците по различни основи се дел можеби од владини комисии, бидејќи во овој момент ни е потребно вистинско, не само на зборови, обединување на целокупниот потенцијал и капацитет, ама притоа со јасно разграничување на правата, а тие се најголеми кај вас и со јасно разграничување на одговорноста и обврските. Тие пак заради Уставот и одлуката на граѓаните лежат најмногу кај вас.

Се надевам дека амандманите кои што ги предложи СДСМ на оваа одлука ќе бидат прифатени од ваша страна, бидејќи тие се во конструктивна насока да го подобрат текстот, многу повеќе да ја подобрат праксата. Ако вие ги одбиете, ставате сопки на самиот почеток. Тоа не сакаме да се случи и не сакаме да веруваме дека тоа ќе се случи. Македонија во следните денови ќе мора многу објективно да го разгледа, ако треба збор по збор, извештајот и јавно за него да проговори, бидејќи продолжиме ли со постоечката пракса Валадата да партизира адмионистрација, да води лоша кохабитација и лош дијалог, да ја ишка одговорноста што им ја дале граѓаните, ќе дојдеме  и во 2008 година на истото ниво, тогаш наместо две ќе бидат три потрошени години, тогаш оптимизмот ќе биде заменет со песимизмот и резултатите ќе бидат само една мислена именка.

На крајот сакам да сугерирам до моите колеги пратеници многу објективно и рационално да пристапуваат кон проблемот на Република Грција со Република Македонија во делот на нашето уставно име. Македонија нема потреба повеќе од другите да го актуелизира и споменува овој билатерален, ќе повторам билатерален проблем, повеќе од тоа што го прави Грција. До сега, а така верувам ќе остане и во иднина, проблемот или разликите околу нашето уставно име ниту биле ниту ќе бидт критериум за влез во Европската унија и во НАТО алијансата. И  такви пораки Македонија за среќа добива во континуитет.

Токму затоа кога се говори за проблемот со името, треба да се пристапи многу рационално и исклучиво од севкупните државни интереси. Тука разлики не смеат да постојат и тука проблемот и разликите не смеат да се употребуваат како алиби за нешто што требало, а не се сработело. Се надевам дека на тој начин многу рационално и во интерес на државата ќе пристапуваат и сите останати.

Да повторам СДСМ ќе даде подршка на оваа одлука. Се надеваме дека амандманите кои што се исклучително конструктивни и корисни ќе бидат прифатени од вашата страна. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Има збор пратеник господин Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Во еден ваков момент кога Извештајот од Европската комисија е пристигнат во Република Македонија и после таков Извештај навистина ред беше да отвориме, меѓутоа многу повеќе да затвориме некои можеби елементарни процедурални прашања кои што многу одамна требаше да бидат затворени.

Националниот совет или Комитет како некои го нарекуваат за засилување на активностите и одговорностите буквално на сите во државава, а пред се мислам на државните органи и институции кои што треба да обезбедат заедничка согласност за сите активности и потребни дејства на нашиот европски пат. Се разбира ако се работи за чесни намери на секој од нас да овој Совет не биде само тело на хартија, не биде само декларативен, туку истиот треба да функционира ефикасно, суштински и би рекол беспрекорно.

Јас имам разбирање за парламентарното мнозинство дека ова е можеби тема која не е интересна за нив. Тема која што требаше многу одамна да ја затвориме, меѓутоа, почитуван потпретседателе барем создадете услови за да можеме да дебатираме како што треба.

**Иван Анастасовски:** Тоа го правам и јас колега, продолжете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Почитувани колеги, зошто во мојава дискусија изразувам сомнеж и го покренувам прашањето на искреноста?

Дел од пратениците од овој состав се нови, меѓутоа дел од нив имаат искуство од претходниот состав. Значи, иако не сакам да зборувам за неславниот крај на една ваква иницијатива, потребна се разбира во претходниот состав, ајде тогаш да кажам збор два, можеби за иницијативата поднесена во септември минатата година. Значи, на 29 септември 2006 година која исто така не доби завршница таква каква што тебаше. Се надевам дека овој пат, кога расправаме за оваа одлука, сите знаеме дека на Република Македонија не и недостасува политика на декларирање. Можеби тука, почитувани колеги е нашиот главен проблем. Се завршува со декларирање.

И покрај тоа што можеби некој ќе сака да ме разбере погрешно и покрај тоа што секој со искрени намери треба да жали за она што е за нас, треба да жали и за ваквиот извештај што го добивме и од Европската комисија и покрај тоа што половината и повеќе пратеници треба денес јавно да признаат дека погрешиле. Пред година дена кога сакавме овој Совет да биде формиран, а не беше формиран, доблест е во вакви ситуации да кажеме дека сме погрешиле и јавно да се признe вината дека можеби токму негативниот Извештај на Европската комисија, покрај другите нешта, е и отсуството на овој национален совет. Ако го направевме минатата година можеби ќе беше поинаку.

Почитувани колеги, нема земја, барем од 10-те ново примени во Европската унија, која не изјавила дека формирањето на Советот е вистинската одлука на една држава. Така и за нас. Затоа, наспроти точката на дневниот ред, ценам за потребно да кажам дека со формирањето на Советот се постигнуваат и други две цели:

Прво, Собранието ќе биде целосно, а не само формално информирано за законите од ЕУ - агендата и

Второ, самото одобрување на било која позиција, дури и преговарачка, значи дека утре било кој да дојде на власт ќе го спроведува договореното.

Иако, предлогот за кој денес расправаме е скоро целосно превземен од хрватскиот, за што немам коментар, се разбира ценам дека треба да се користат другите искуства, меѓутоа, она што сакам да го потенцирам е дека при користење на хрватското искуство требало да се види дека Хрватска ја дополнила нивната одлука во насока на засилување на моќта, на политичката моќ на Советот. Генерално можам да кажам дека предлогот е во ред, но мора да се признае дека навистина му недостасува политичка моќ и таа суштинска фалинка мора да се корегира. За нас најважно од се е да не стане и ова тело едно разводнето, бескорисно, кое во пракса фиктивно ќе постои, или пак ќе биде тело на кое се повикуваат сите само кога ќе се закочат работите.

Почитувани колеги, Советот мора да има моќ да блокира или да врати на усогласување закони, доколку смета дека не се во целосна согласност со долгорочните интереси на државата или пак се прилагодени на интересите на владеачката гарнитура. Според тоа, во член 2 алинеја 3, 5 и 9, не треба да стои дека дава мислење туку треба да стои дека дава зелено светло, учествува во креирањето односно ја одобрува преговарачката позиција во алинеја 3, ги дефинира ставовите за прашања кои ќе се наметнат во текот на преговорите во алинеја 5, ги одобрува законите од ЕУ-агнедата во алинеја 8.

Почитувани колеги, уште еднаш сакам да нагалсаме дека без зелено светло на Советот, без разилка дали се работи за закон, дали се работи за преговарачка позиција или став само по одделно прашање, не треба да влезе во процедура. Меѓутоа, од клучно значење за успешно функционирање на Советот е перманентниот политички дијалог на позицијата со опозоцијата.

Ние знаеме да кажеме, особено кога разговараме со луѓе надвор од државата, кога е во прашање интеграцијата на државата Република Македонија, нема место за ситни или ситно партиски интереси, бидејќи на крајот сите добиваме или губиме, но овој пат навистина не треба да кажеме, овој пат треба да направиме. Само на тој начин ќе имаме целосна слобода и ние и идните преговарачи кои ќе уживаат слобода и доверба и на Владата, меѓутоа она што е многу поважно, ќе ја уживаат довербата и на опозицијата. Ќе дадам еден пример.

Република Хрватска има проценка дека прилагодувањето во областа на животната средина ќе ги чини околу 9 милијарди евра на среден рок.

За Република Македонија неофицијалните проценки се меѓу 2,5 до 3 милијарди евра во следните 20 години. Тоа е транзиционен период за прилагодување, кој се преговара за сите 35 области. Тоа значи дека годишно од Буџетот ќе треба да се издвојуваат во Република Македонија по 100 милиони евра за оваа намена. Со зелено светло од Советот ќе се осигура консензус помеѓу позицијата и опозицијата и кој да е утре на власт ќе треба и ќе мора, едноставно кажано, да ја почитува таа одлука. Некои експерти велата дека токму зговлемувањето на политичката моќ на ова и слични дела се еден од клучните услови и успех на патот кон Европската унија. Ова особено важи и за текот на преговорите кои за жал, ги нема, ги нема ни на повидок, со ваков однос и вакво водење на работите. Но, почитувани колеги на крајот на краиштата сите сме свесни дека без силни овластувања ризикуваме овој совет да стане втора, петта, или десетта анкетна комисија со разводенети или никакви резултати.

Пред да завршам, сакам да го потенцирам следното:

Од расправата што ја водиме денес, очекувам да произлезе одлука за формирање на овој совет, не само за некаков, би рекол коалиционо-партиски интерес, туку заради граѓаните во Република Македонија. Негативните резултати и уназадувањето во процесите на евроинтеграциите, искрено се надеваме дека после овој Извештај што го добивме се доволна поука, овој национален совет да се формира и да работи исклучиво во интерес на граѓаните и за интерес на иднината на Република Македонија. Затоа најдобронамерно предлагам да се прифатат и да се вградат сите забелешки во оваа важна одлука.

На крајот од дискусијата дозволете ми уште еднаш да потенцирам дека напредокот на нашата држава на патот кон Европската унија е возможен само со реална и суштинаска соработка помеѓу сите нас присутни, пред се овде, меѓутоа и со помош на сите.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Има збор пратеник Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

На почетокот сакам недвојбено да ја искажам мојата подршка и подршката на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ на оваа иницијатива и на овој предлог и сметаме дека е корисно што се случува и корисно е што овој совет ќе се формира како таков.

Она што е основно и што би сакал да го потенцирам на почетокот е дека постојат неколку клучни прашања за Република Македонија по кои сметам дека не треба да има поделба и за кои сметам дека не треба да се носта политички поени.

Постојат неколку клучни прашања во Република Македонија на кои мислам дека не треба да се добиваат избори. Тоа е пред се прашањето за благостостојба на државата, прашањето за членство во Европската унија, прашањето за членство во НАТО, прашањето за нашите мисии во Ирак, Авганистан, Либан, БиХ и секаде таму каде ќе има потреба да испраќаме наши мировници, прашањето за името. Тоа се една редица прашања кои практично го дефинираат ликот на државата и ја дефинират иднината на државата за кои сметам дека значајни разлики помеѓу власта и опозицијата не траба да има и уште повеќе сметам дека не траба да се поставуваат на рамниште кој е во право и кој не е во право, кој е позаслужен, а кој е помалку заслужен. Затоа јас мојата дискусија ќе ја насочам во тој правец, не сакајќи никому да му ги препишувам заслугите, несакајќи да ги коментирам досегашните проценки, несакајќи да говорам за она што е досега процес на зачленување во Европската унија, низ призмата за тоа кој повеќе или помалку е заслужен заради тоа што сметам дека ако трегнеме од тој дискус ќе останеме таму каде што сме, за жал, во изминатиот период, ќе останеме заглавени во нашите политички табори, во нашите партиски табори и ќе ја испратиме повторно негативната порака која за жал, ја испраќаме во изминатиот период. Напротив, сметам дека е добро што денес дискутираме на оваа тема, сметам дека е добро што и во дискусиите не гледам позначајни разлики меѓу нас и СДСМ. Сметам дека е добро што овој совет ќе се формира.

Би сакал да нагласам две работи:

Сметам дека договорот кој практично денес го постигнуваме, кој ќе значи споделена одговорност за нашето евроатланско интегрирање, ќе значи многу за заедничката иднина на државата, но уште повеќе ќе значи многу како порака, пред се на граѓаните на Република Македонија дека политичарите во Република Македонија, оние кои се најодговорни, оние кои се избрани на непосредни избори, пратениците, има прашања за кои не прават разлика, има прашања за кои заеднички и мисла добро на државата. Треба да оставиме изборите да се добиваат на прашања поврзани со секојдневниот живот, прашања поврзани со економската состојба, прашања поврзани со секојдневното опстојување. Тоа се прашањата што сметам дека треба да ја водиме битката, да ги кажуваме нашите различни концепции и различни ставови, различни мислења, различни проекти и тука граѓаните да одлучуваат за кога и како ќе гласаат, на кога и како ќе ја дадат подршката. Всушност дали една држава е здрава или не, дали едно општество е здраво или не, говори токму ова, говори токму ова на кои прашања се добиваат изборите и сметам дека ќе останеме нормална држава кога ќе ги отвораме овие прашања.

По однос на Советот мислам дека е одлично да се формира, мислам дека е добро што се прифаќа иницијативата на НСДП подржана од сите релевантни политички субјекти во Парламентот и би сакал да нагласам неколку работи:

Прво она што е компаративно искуство во другите земји кои што биле во слична позиција како нас или се сега, е дека овој совет се формирал во моментот на почеток на преговорите. Ние за жал, со добивањето на статус не добивме и датум за преговори и сметам дека ова е еден позитивен исчекор што советот го формираме пред да започнат преговорите и тоа е практично еден огромен знак од Парламентот насочен и кој Владата и кој Европската комисија и кон сите што се заинтересирани, вклучени во овој процес, дека сме спремни некои потези, некои прашања да ги отвориме порано отколку што е тоа компаративно искуство во другите држави кои што биле во сличен процес.

Втората работа е фактот дека оваа идеја постои подолго, предложена е во претходниот период, беше предлагана и во времето кога Владата ја

водеше професорот Владо Бучковски, еве е предложен и сега и сметам дека е добро што ќе го донесеме без повторно ќе нагласам да нагласувам дека тогаш го предложило ВМРО-ДПМНЕ, сега предлага НСДП, имаше сличен предлог и на СДСМ, добро е што ќе се случи. Притоа би сакал да апелирам и да замолам на една внимателност која што може да се отвори како опасност, гледајќи ги позитивните работи превидиме многу негативни работи, а тоа е на пример фактот дека овој Совет во одреден услови и со одредена неискооридинираност може да се претвори во едно субтилно тело кое што би се наоѓало над извршната и над законодавната власт, практично во едно атхок квази тело во кое што би можело да обединува многу функции во себе, но исто да направи и голем проблем во институциите и на функционирањето на политичкиот систем во државата, на функционирањето на класичната поделба на системот чекер баланс, со она што се вика во системот и над контролата и одговорноста. И затоа сметам дека се многу значајни две работи:

Прво, ова треба да е собраниско тело, тело избрано и контролирано од Собранието на Република Македонија, кое што ќе носи одговорност пред сите нас во оваа сала и

Втора работа што исто така мислам дека е значајно, мислам дека треба да учествуваат претставниците на Владата, апсолутно не се сомневам во тоа, заради тоа што тие го извршуваат практичниот, извршниот дел од целата работа, но не сметам дека треба да добијат право на одлучување, тоа беше една од дилемите која се отвори денеска, заради тоа што тука веќе ќе се доведеме во ситуација да направиме едно субтело во кое би ги измешале ингеренциите на извршната и законодавната власт.

Значи, ако Парламентот создава тело, ако Парламентот одлучил дека има потреба од Совет во кој што квалитетно ќе бидат претставени и власта и опозицијата, кое што можеби ќе биде претседавано од човек на опозицијата, сметам дека на тоа тело не треба да му ставиме дополнителен товар, не треба да му ставиме дополнително бреме, тоа што на претставниците кои ги избираме тука, на носителите на извршната власт кои што се бираат во оваа сала, би им дале во тоа тело да имаат право на глас, заради тоа што тука се меша разликата меѓу извршната и законодавната власт. Тука, практично, границата не псотои помеѓу извршната и законодавната власт. Тоа е слично како Владата да создаде такво тело во кое што пратеници би имале право на глас, исто така би значело мешање на овие две работи. Да повторам, сметам дека е добро да го формираме, но сметам дека треба да остане чисто парламентарно тело, тело кое што ќе избирано од овој Парламент, тело кое што ќе одговара пред ово ј Парламент и тело кое што ќе може да ја задржи својата самостојност како што тоа го има Парламентот.

На крајот би сакал уште еднаш да ја изразам подршката на мојата пратеничка група и да ја искажам мојата надеж дека ова ќе е еден од чекорите, од многуте чекори кои што ќе ги направиме во идниот период што ќе значат забрзување на процесот на евроинтеграции. Процесот на евроинтеграции не значи само консензус помеѓу политичките субјекти, процесот на евроинтеграции значи многу работа, значи многу отворени и завршени проекти, значи многу исполнети услови, но уште пвоеќе значи благосостојба на граѓаните.

Затоа, она што исто така треба да го извлечеме како поента од оваа седница е дека, да, треба да се договориме и треба да го формираме, но уште повеќе откако ќе го направиме тоа, треба да притискаме врз тој Совет да е што поефикасен, што пвоеќе да работи и истовремено да продолжиме како Парламент да го вршиме нашиот притисок врз Владата, врз извршните органи, врз судството, врз општеството, врз сите оние кои што имаат значаен удел во она што се вика успешна приказна на Република Македонија, чесно и одговорно да ја завршуваат својата работа за благосостојбата на граѓаните. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути пратеник господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Сакам да реплицирам во два сегменти.

Прво, пратеници учествуваат во тела формирани од страна на Владата и тоа е пример со Националниот комитет за НАТО, каде што потпретседател на СДСМ кој е пратеникот Игор Ивановски членува, што значи не е точно дека Владата не формира тела во кои што не учествуваат пратеници.

Второ, јас ќе бидам презадоволен ако од овој момент се промени стратегијата што ја има парламентарното мнозинство и навистина се исполни уставната обврска на Собранието да врши политичка контрола на Владата и мислам дека тоа е најголемаиот хендикеп на ова Собрание што ни недостасува.

Трето, она што мислам дека е погрешно во целата перцепција од страна на дел од парламентарното мнозинство, Националниот совет не е собраниско тело. Тоа треба да го сватиме како државно тело, кое Што е во интерес на сите граѓани на Република Македонија и затоа се повикуваа и невладини организации, здруженија на новинари, ЗЕЛС, МАНУ, значи тоа е државно тело, да не го сватиме дека Собранието може да формира тело кое е само собраниско. Напротив, ова треба да биде општо прифатено тело кое што ќе ги дава насоките, политиката, а Владата како дел од иврвшната валст ќе ги спроведува.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика, пратеник господин Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Ќе одговорам на трите забелешки.

Прво, се согласувам во однос на членството во Советот и јас тоа го кажав сметам дека претставниците на Владата треба да членуваат во ова тело. Веројатно, заменик премиерот задолжен за европски прашања тоа е многу логички и нема дискусија, но поентата ни е дека не треба да имаат право на глас, заради тоа што ова според мене треба да е собраниско тело.

Второ, по однос на контролата на Владата секогаш постои и теоретски и практично таа дискусија колку Парламентот успева да ја исконтролира Владата, се надевам дека ќе јакнат институциите и тоа ќе го правиме се повеќе и повеќе и парламентарното мнозинство ја има таа заложба.

Трето, по однос на перцепцијата, јас за разлика од вас навистина сметам дека тука имаме мала нијанса односно мала разлика. Сметам дека треба да е ова собраниско тело кое што го избира Собранието, за да не ни се случи да создадеме едно суптилно квази тело кое што ќе се постави над сите органи над Владата, над Собранието, над извршната власт, тело кое што во одредени моменти може да стане дури и чудовиште за она што се нарекува евроинтеграции. Затоа, сметам дека треба многу јасно да се знае кој го избира, за што се избира и пред кого одговара. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Матоши Ружди, повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас во име на парламентарната група на ДПА Ќе ги дадам моите проценки во однос на основањето на оваа институција или пак на Национален совет, кој што ќе биде многу значителен за интеграцијата на Република Македонија во Европа. ДПА уште од своето постоење до сега секогаш водела политика која што барала и создавала механизми колку што е можно побрзо Македонија сама во себе да инсталира или да воведе евроатлански вредности и истовремено со своите потенцијали да се приближи на овие механизми и еден ден Македонија да биде рамноправен субјект во НАТО и Европската унија.

Јас ќе се обидам мојата дискусија да ја поделам во два дела. Проценката за тоа дека сме чекореле или пак тие економските показатели за позитивните развои со кои што сме оделе директно кон Европа и политичкиот дел каде што јас мислам дека на неразионален начин сме нападнати од опозицијата и се нарекуваме виновници. Вие сите знаете дека нашата земја сега веќе и кредибилни институции, меѓународни институции кажуваат дека Република Македонија чекори со сигурни чекори кон политичка економија, макроекономск аполитика и има исклучително позитивни показатели за едн аубава иднина на земјата што се однесува на економскиот сектор. Вие знаете дека се оди кон порст на бруто домашниот пораст, знаете дека во Република Македонија сега имаме подобра услуга, подобри јавни услуги, отколку што сме имале до пред некое време илипак пред 4 години. Ова ќе се обидам да го аргументирам посебно за делот на албанците кои што честопати сме биле засегнати со услугите кои што требало да ги дадат, да ги понудат институциите за граѓаните на Република Македонија неодамна сите граѓани знаат дека до колку како пример ја земеме Болницата во Тетово како Болница, која што била воведена во корупција и во нефункционирање на оваа Болница за граѓаните денес таму имаме исклучително добра услуга која што не оди со негативни показатели и со негативен развој, туку напротив е дел од услугата за граѓаните и лека полека долговите што ги наследивме од минатата Влада веќе се раздолжуваат. До колку сме имале од минатата Влада лошо наследство што се однесува на услугите, денес институциите полека ги конвертираме во европско огледало кое што ќе биде во служба на граѓаните. Вие знаете дека во универзитетите сме имале исклучително негативни феномени или пак појави кои што го придружувале развојот на овие институции со негативни појави, со корупција и со разни фалсификати. Денес во Европскиот Универзитет и во Универзитетот на Југоисточна Европа постои законот, постои високиот инспекторат за образование кој што врши надзор и немаме феномени од каубојски тип, каде криминалци и разни други лица ги принудуваат професорите да ставаат 6 или 7, оценки како што сме имале примери во минатата Влада. Вие сите знаете дека пред 4 години сме имале исклучително негативна полициска служба во градот Тетово, каде што се вршеше тргување од 500 денари до 50 евра за добивање или издавање на некој документ или пак за добивање на лични исправи. Денес градот Тетово илипак полициската служба во институциите во Тетово напротив е сосема во служба на граѓаните и секој ден се повеќе ги исклучува сите негативни феномени, значи ќе имаме европска служба, со тоа што институциите ќе ги направиме да бидат во служба на граѓаните. Јас лично пред 4 години сум бил во опозиција и секогаш од говорницата на Парламентот и во колумните што сум ги пишувал по весниците, сум ги кажувал тие негативни феномени и честопати го критикував ДУИ за тоа колку може младите албанци да се толку криминализирани, како може луѓето кои што ја донесоа на власт ДУИ, тие делуваа во криминални области и навистина се создаде еден хаос во албанските градови или во албанското општество во Република Македонија. Многу убаво се сеќавам кога на ова одговори Али Ахмети кога рече, нема јас што да правам, луѓето не треба да шетаат со оружје, луѓето не треба да

шетаат на тој начин и вака да се обраќаат и т.н. Меѓутоа Али Ахмети мислеше дека никогаш нема да биде во опозиција и мислеше дека секогаш ќе се пее истата песна. Меѓутоа, не, ние со нашето доаѓање на власт, напротив, создавајки евроспка средина, европски амбиент, западен амбиент, упорно овој негативен пристап, овој негативен феномен, се бориме против него, со тоа што создаваме безбедни средини за граѓаните Албанци. Не може младијот Албанец да шета сооружје во појасот, не може непотребно да располага со калашников и да биде во состојба на готовност, за да одземе живот на невини луѓе. Ние сме целосно против овие феномени и јас би го замолил ДУИ за овие феномени да се покажат и тие транспарентни и да имаат позитивен пристап и да ги повикаат, да апелираат до граѓаните и да им кажат дека не смеат да шетаат со оружје, со пиштоли кои што им се на готовс за одземање на невини животи. Затоа, за овој пристап треба да бидеме сите заедно сплотени, луѓето кои се на погрешни патишта или патеки, полека да се оттргнат од тој пат и луѓето кои прават вакви феномени да се изнесат пред законот кој што ќе биде ист за сите. До колку калкулираме или пак направиме една математика за тоаког аимало повеќе луѓе во затворите или кога имало повеќе криминал дали кога ДУИ беше на власт или кога ДПА е во позиција. Сигурно дека математичките бројки ќе покажат еден многу негативен фенеомен во делот на владеењето на ДУИ. Зошто? Затоа што немавме исклучително нагласен пристап за борба против криминалот или против негативните феномени кои што беа во нашето општество. Значи, упорно ќе бидеме и сме за тоа во нашите средини да имаме позитивен пристап и позитивен развој и европска средина, средина која што ќе биде компатибилна со НАТО стандардите и со стандардите на Европската унија. Додека е ДПА на власт сигурно дека ќе нема феномени како феноменот кај Вардар, значи не можеме да користиме национални теми за тоа за да ги рекетираме луѓето дека ни се потребни 200 илјади евра за ова или за она или пак треба да ги средиме тие или овие луѓе за кои што ни е жал или пакили пак што користат политички речник за луѓето. Нема рекет во нашите средини, затоа што тоа го бараат европските стандарди и НАТО стандардите. Заклучно, луѓето кои мислат да се збогатат на грб на национална демагогија, нив им е даден знак стоп и не може понатаму да се развиваат и да бараат такви амбиенти или пак средини кога сакаат или со каква сакаат поезија да излезат и да бараат материјални средства од разни субјекти. Значи, овој феномен заврши со времто на ДПА и нема да може ова понатаму да се развива, од причина што тоа се исклучително негативни феномени и т.н.

Ќе говорам и за политичката димензија од причина што ние честопати сме обвинувани од опозицијата дека нема етничка клима и дек аполитичките процеси не одат напред. Доколку се зафатиме со албанскиот јазик, ќе ве молам еве господата кои беа 4 години, донесоа еден исклучително некомпатибилен Закон со Уставот и со Охридскиот договор, кој што Закон овозможи доброволно употребување на албанскиот јазик по личните исправи, за што јас мислам дека тие делувале со длабок политички дилентатизам што се однесува на донесувањето на овој Закон. Тоа е Закон кој што е исклучително во несогласност со Охридскиот рамковен договор и уставните промени што не очекуваа што се однесува на употребата на албанскиот јазик во Република Македонија. Како може да имаме држави со 50 милиони, 40, 30, милиони жители кои што имаат мултиетнички карактер, а имаат една лична исправа и патна исрпава во функција, а ние една држава со 2 милиони жители имаме мозаик на патни исправи. Затоа со вакви дејства граѓаните наидуваат на пречки. Денес сигурно дека имаме пречки од причина што смао албанците, до колку сакаат да добијат патна исправа на својот матичен јазик, треба три пати да му се напише името и така се создаваат и разни забуни во амбасадите или во другите меѓународни институции. Значи, токму овој пристап е негативен, пристап кој што го створи, го направи ДУИ со тоа што го заобиколи и Охридскиот рамковен договор, меѓутоа и албанскиот јазик за кој што ние очекуваме закон кој што ќе биде компатибилен со барањата на Европска унија, со барањата на НАТО, закон кој ќе извира непосредно од Охридскиот рамковен договор и од практиката која треба да се практикува и тука како во европските држави.

Јас не сакам да должам повеќе, меѓутоа би апелирал за политичка рационалност, значи да бидеме политички рационални. Не може паушално да се даваат оценки за тоа дека, еве имаме акција овде, имаме акција онде и да се приведе овој војник, оној војник, или пак да немаме добра политичка или етничка клима. Мислам дека ова е вокабулар кој не дава политички производи за никого. До колку некој сака политички производи треба да биде политички рационален и треба да биде ориентиран со политички тези околу интеграцијата на Република Македонија во НАТО и Европската унија и околу регионалниот развој што не очекува сите нас. Знаете дека регионот има димензија на ориентирање кон НАТО и Европската унија и едно колку што е можно побрзо независно Косово. Мислам дека сите оние луѓе кои водат политика, а што е надвор од овој квантум, тие ќе бидат негативни.

ДПА ќе го подржи овој национален совет за евроинтеграции, Национален совет кој е компатибилен со нашите програми за да создадме колку што е можно поразиена и подобра иднина за земјава. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарма господине Матоши.

За реплика се јави господинот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Почитувани пратеници, ја користам можноста да му укажам на господинот Матоши

дека не е во опозиција. Неговиот говор има опозициска и неодговорна содржина.

Јас сакам да нагласам дека ДПА 6 години е во Владата, бидејки беше од 1998 до 2002 година на власт и сега од 2006 до денес, па прашувам кои се тие стандарди што ги исполниле првите 4 години, а кои се стандардите што ги исполниле овие 2 години што се на власт.

Треба да знаат дека половина од мандатот помина и тие немаат резултати од легислативен аспект. Сакам да подвлечам дека за забелешките и грешките кои ги упатува на ДУИ, сакам да нагласам дека за овие две години фундаментални грешки кои се есенцијални за албанското прашање е Законот за полиција донесен од ДПА, Законот за хашкиот трибунал, кој предвидува делата од Хашкиот трибунал да се вратат во прецосуирање во Македонија. После е законот за државните празници во кој ниту еден национален државен празник не е опфатен како државен празник. Треба да ни биде јасно дека според член 1 од Законот за празници се предвидува празници кој ќе има државен карактер, а со тој закон немаме ниту еден празник по кој албанците ќе се чувствуваат себе си дека се државотворни во Република Македонија.

Друго значајно прашање во однос на криминалот е едно е да зборуваш за криминал, а друго е да се справуваш и да се докажеш како личен модел во таа насока. Треба да се има во предвид тоа дека во овој мандат од две години на владеење на ДПА имаме неколку случаи кои се и со жртви во Македонија, го имаме случајот на Ваксинце, случајот Одрен, случајот Бродец, имаме киднапирања, случајот Процес, Нота-фест итн.

Но сакав да нагласам дека крајно време е, не е крајно време туку е време политичките албански партии да се однесуваат со сериозност, понагласена сериозност и на ниту еден начин да ги користат моментите да обвинуваат, кои создаваат неповолна политичка клима која и Европскиот парламент НАТО и Европската унија, и сите други ни сугерираат дека во овој Парламент треба да имаме една подобра политичка клима, да имаме дијалог, помеѓу позицијата и опозицијата. Треба да имаме едно разбирање околу прашањата кои не водат кон Евроатланските интеграции со што треба да се исполнат демократските стандарди кои ги бара од нас Европа.

**Бесим Догани:** Контра реплика има пратеникот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Јас внимателно го слушав господинот Таир, меѓутоа криминалноста треба да се бори во општи начини, во целосни начини и начини на кои што никој не треба да замери, дали е на ДПА, или не на ДУИ доколку тој има криминално досие и е човек кој што злоупотребувал јавни фондови или пак функцијата на која што бил тој именуван или, не треба никој да замери на тоа. Јас мислам дека група луѓе, функционери посебно во Министерството за земјоделие, Министерството за образование, таму каде што вие сте биле градоначалник во таа општина сте злоупотребувале разни средства кои што не е дозволено да ги злоупотребувате во развојот на инситуциите и во добро на граѓаните. Значи, доколку вие сте засегнати јас немам што да ви правам.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Александар Спасеноски.

**Александар Спасеноски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван потпретседател на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници, дами и господа,

Пред нас на денешната 78-ма седница на Собранието на Република Македонија е Предлог одлуката за основање на Национален совет за Европски интеграции. Површната анализа на овој предлог упатува на заклучокот дека со него се настојува да се постигнат две позначајни и да се зајакне остварувањето на уште четири други цели.

Во однос на позначајните цели со Предлогот за основање на националниот совет се настојува прво да се овозможи политичката позиција во Република Македонија да преземе конкретна одговорност за координацијата и реализацијата на процесот на европските интеграции на Република Македонија.

Второ, симболиката од покажаното единство да влијае мобилизаторски врз сите политички субјекти кои процесот на европските интеграции на Република Македонија нема да го користат во дневната политика на надмудрување на противникот.

Во однос на зајакнувањето на остварувањето на останатите цели со Предлогот за основање на Националниот совет како што можеме да видиме се настојува:

Прво да се зајакне системот на контрола на процесот на усогласување на македонското со законодавството на Европската унија.

Второ, да се зајакне процесот на надгледување на преговорите помеѓу Република Македонија и Европската унија кога тие ќе започнат.

Трето, да се стимулира и натамошно да се зацвести процесот на вклучување на недржавните актери, како што се синдикатите или коморите во процесот на Европските интеграции.

Четврто, да се зајакне координацијата помеѓу сите инволвирани актери кои на еден или на друг начин влијаат врз текот на процесот на приближувањето на Република Македонија во Европската унија.

Почитувани пратеници,

Идејата за основање на вакво тело е добра. Јакнењето на парламентарната димензија во процесот на Европските интеграции е политика која треба а се поддржи. Градењето мостови

помеѓу сегментите е шанса која треба да се искористи.

Натамошното засилување на начелото за одговорност за Европските интеграции за сите и за се е концепт на кој треба да му дадеме шанса. Сепак, низ призма на постојана институционална поставеност сметам дека претходно треба да одговориме како ја гледаме улогата на останатите работни тела на Собранието на Република Македонија особено на Комисијата за европски прашања, како и други тела. По основањето на националноит совет со оглед дека станува збор за надлежности кои во одредена мера се испреплетуваат.

Почитувани, националниот совет е тело кое повеќе или помалку го формирале поголем дел од државите кои денес се членки или пак преговараат да бидат членки на Европската унија. Во таа смисла на Република Македонија и се на располагање искуствата на други држави кои бездруго треба да се искористат.

Имајќи го предвид карактерот на системот на организацијата на државната власт, историските околности, нивото на политичката култура и слично, за Република Македонија се чини дека најдобар е примерот односно искуството кое го има Република Хрватска. Сепак, не зависно сите искуства кои и стојат на располагање голем дел од работите зависат од нас. И, најдобрите решенија може да останат неприменливи доколку кон овој процес се гледа низ призма на партиската корист, а не низ призма на корист на државата. И, најдобите решенија можат да останат неприменливи доколу се гледаат низ диоптријата како да се оствари политичка превласт, а не политичко единство.

Конечно целото искуство на сите источноевропски држави нема да ни вреди ништо ако ова тело биде искористена како алатка за нови конфронтации, а не како извор на политичко, меѓуетничко и сенационално единство.

Почитувани, националниот совет треба да биде рефлексија на приликите во државата, но и фактот кој рефлектира односно упатува на одредени поведенија кои се прифаќаат од страна на граѓаните. Затоа, во услови кога транзицијата не е до крај завршена, во политички поларизираните и национално хетерогени општества, како нашето одговорноста е дополнително зголемена од причина што извесноста од повторно враќање на почетокот воопшто не е намалена.

Националниот совет треба да биде одраз, огледало на меѓуетничката, политичката и верската шареноликост на Република Македонија.

Националниот совет треба да биде средиште на доминантните политички и идеолошки ставови во државата.

Оттаму, националниот совет не смее да биде извор на недоразибрања, несогласувања, или поднетнувања. Ова тело треба да го сфатиме како алатка плус која треба максимално да се искористи во обличувањето, координирањето и реализацијата на европските обврски на Република Македонија.

Ова тело треба да го сфатиме како сито низ кое ќе поминуваат нашите европски обврски.

Ова тело претставува механизам кој овозможува да се земат предвид интересите на најширокиот слој од македонските граѓани, бидејќи како што знаеме европските решенија ќе го детерминираат првенствено нивниот живот.

Конечно, низ призма на претходното Советот треба да биде тело кое ќе ги отсликува македонските национални интереси низ чија призма треба да се анализираат предложените усогласувања на македонското законодавство со законодавството на Европската унија.

Почитувани пратеници, врз основа на сите претходно искажани аргументи ќе гласам во прилог на одлуката за основање на национален совет за европски интеграции. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Господинот Благој Зазшов, не е присутен.

Има збор господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе, колеги пратеници,

жалам што со задоцнување ќе постигнеме конечно консензус за едно исклучително битно прашање. Го делам мислењето на неколку мина пратеници, па и на предлагачот дека сето ова можеше да го направиме порано, веројатно по народната “трета среќа”, ќе биде ова, затоа што обидот кој сепак имаше ефект од февруари 2005 година во еден исклучително битен момент за Република Македонија, тоа е кога требаше да илустрираме заедништво, подготвеност, заеднички сили и позицијата и опозицијата да продолжат да ја градат евроатланската иднина на Република Македонија, кулминираше со потпишување на заедничката изјава која денеска ја цитираше и предлагачот како иницијален акт за оваа негова идеја.

Морам да признам дека веројатно заради распоредот на силите тогаш на опозицијата не за живеа уште во 2005 година овој национален совет. Мора да признаеме правен е по еден успешен имплементиран модел на соработка помеѓу позицијата и опозицијата, тоа е хрватскиот модел. Ние не се срамевме, веројатно и најмногу го користевте и хрватското и словенечкото искуство и во одговарањето на прашалниците и во целосниот проект на хармонизација на нашето законодавство.

Јас навистина жалам, што идеата што преку мене како тогашен претседател, идеата е на опозицијата, СДСМ во септември 2006 година, не наиде на ваква поддршка како сега. Да не говориме што би било кога ви би било, но убеден сум дека многу работи ќе беа поинакви денеска ако ја формиравме оваа заедничка коалиција за Европа, како што ја нарекува сега СДСМ, претседателот на СДСМ оваа сега заедничка

идеа на една опозициона партија и на една членка на владината коалиција. Сметам дека една година ќе беше доволно да завршиме многу од задачите кои сега некој ги нотира како седум незавршени работи, друг 8 или 9, но никогаш не е доцна. Се надевам ако бидат прифатени забелешките кои ги дадовме ние во амандмани како опозиција ќе имаме многу поефектна работа. Значи, не е идеата да се формира овој совет и да го предводи само претседателот на СДСМ или да преземе дел од одговорноста опозицијата. Заради односите, релациите кои ги имаме, заради самобендисаноста, заради ароганцијата која достигнува невидени размери од страна на премиерот, премиерот мора да ја совлда својата суета и да прифати да членува во едно тело кое ќе го предводи опозицијата, но не да диктира на кој начин заеднички ќе ги решаваме проблемите, туку на тој начин да покажеме целосна политичка зрелост дека сме подготвени во овој клучен момент за европска и евроатланска иднина на нашата држава да ги поттиснеме пред се личните суети и заеднички да пристапиме кон реализација на приоритетите.

Јас сум убеден дека по изглгасување на формирање на овој национален совет брзо ќе биде и конститутивната седница каде што ќе се дефинира и составот кој во овој момент испаѓа дека е една од проблематичните точки што актуелнот предлагач НСДП барем до сега не најдовме заеднички збор.

Значи, предлогот што го дава СДСМ опозицијата е сето ова да биде многу поопортуно тело. Многу поцелисходно и многу поефектна да биде работата. Дефинитивно станува јасно дека единствениот мегдан, а тоа е Парламентот ако не создадеме тука една поподобра клима, ако не ја изградиме неопходната доверба тешко ќе биде да се завршат неколкуте тешки проекти пред кои ќе биде исправено пред се Собранието на Република Македонија.

Затоа ние ќе пледираме онака како што сме напишале во тоа време ние од СДСМ, или јас како тогашен претседател овој национален совет кој ќе претставува коалиција за Европа да биде така структуиран каде што сепак ќе биде предоминантна политичката компонента. За тоа всушност и говореше колегата Ќуркчиев. Значи, секоја чест, треба да биде инволвиран невладиниот сектор, треба да се даде можност на цивилното општество со сиот капацитет и потенцијал што го има да придонесе што побрзо да го хармонизираме законодавството, но и да ги реализираме овие приоритети, но да не заборавиме дека сепак ќе треба јако изразена политичка волја и ќе мора во структурата уште еден обид да се направи да се постигне консензус.

Јас уште еднаш поздравувајќи ја идеата, не трудејќи се сега овде како што на почетокот изгледаше дека ќе водиме битка околу авторството илеревантно е во овој момент кој прв почна, најбитно е како ќе завршиме, како ќе почне да функционира овој национален совет. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Бучковски.

Господине Петковски, реплика од три минути, повелете.

**Тито Петковски:** Благодарам господине потпретседател, почитувани колеги.

Ова не е реплика туку е повеќе обид да се усогласиме околу суштината и се разбира конечната цел, да го утврдиме текстот на одлуката. Мислам дека токму господинот Бучковски е вистинскиот учесник во оваа дебата кој може да ни каже која била вистинската идеа кога први ја промовираа 2005 година, како Влада под водство токму на господинот Бучковски.

Сакам да повторам дека Предлогот на одлуката за своја политичка основа ја има токму заедничката изјава на политичките партии. Јас амо ќе ве потсетам со неколку реченици и токму од тие причини и ви ја доставивме во прилог како предлагачи заедничката изјава на политичките партии потпишана од 14 политички партии во тоа време најрелевантни.

Во точката 4 од заедничката изјава покрај другото стои:

“Со цел зајакнување на заедничките одговорности, осигурување и широк јавен интерес и позитивни парламентарни политички услови за подготовките за членство на Република Македонија во Европската унија се основа национален совет кој ќе претставува тн., коалиција за Европа.

Парламентарните политички партии ќе предложат Собранието на Република Македонија да донесе одлука за основање и работа на тој национален совет”.

Во точката 6 вели: “Во националниот совет ќе биде составен од членови претставници на парламентарното мнозинство и опозицијата.

Претседател на Парламентарната комисија за надворешни работи и Европски интеграции и меѓупарламентарната соработка по функција како по еден претставник од Кабинетот на Претседателот на Републиката, претставник од Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, академската заедница, невладините организации, медиумите и друго”.

Во точката 7 вели: “Со националниот совет за Евроинтеграции ќе заседава претставник на опозицијата. По потреба на националниот совет ќе бидат повикувани претставници на поедини матични комисии, надлежни ресори и сектори ако се расправа за прашања кои влегуваат во нивна надлежност”.

Осмо, Секторот за Евроинтеграции редовно на националнот совет ќе му поднесува извештај за подготовките за членство најмалку на секои 6 месеци.

Девето, за подготовките за полно правно членство на Република Македонија во

Европската унија Владата на Република Македонија ќе поднесува извештај на Собранието на Република Македонија најмалку еднаш годишно.

На ова потсетувам за да видиме што суштествено се промени сега кога отстапувате од онаа идеа, првично предлагавте ваков состав на Советот, за да сега инсистирате во тој совет да биде премиерот на Владата на Република Македонија и заради улогата на Владата која во секој случај мора да биде доминантна во утврдувањето на нашата интеграција и евентуалнот дуализам на функциите собраниски и на Владата на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Петковски.

Контра реплика има господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван господине Петковски, прагматични се причините. Значи во 2005 година немаше никакви дисонантни тонови од една страна премиерот, од друга страна подпретседателот на Владата одговорен за Секторот на Евроинтеграции, од трета страна другите коалициони партнери. Сега, ние цениме дека нема да биде до крај целисходно формирањето на ова тело, нема да биде до крај целисходна идеата ако не биде дел од овој Совет по функција и премиерот. Значи тогаш беше илеревантно, тогаш можевме и да се договараме и тогашниот претседател на Владата да биде член на Советот, но сметавме дека заради непостоењето на некакви разлики меѓу претседателот на Владата и потпретседателот или заради капацитетот на тогашниот прв човек во Секторот за Евроинтеграции дека нема потреба секогаш да биде претставена Владата со учество на премиерот. Сега сметаме дека тоа е неопходно, секоја чест за госпоѓата Габриела Конеска - Трајкоска, сметаме дека таа не може да биде замена за учеството на премиерот.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Бучковски.

Има збор госпоѓа Радмила Шеќеринска.

**Радмила Шеќеринска:** Почитуван потпретседателе, ви благодарам за можноста да говорам.

Сакам да се сконцентрирам на неколку прашања кои се неспорни и на неколку прашања кои што очигледно станаа спорни за време на дискусијата, бидејќи очекувам дека сме водени од истата цел.

Националниот совет за европска интеграција можеше да биде направен и порано, но не го направивме. Мислам дека денеска не вреди да дискутираме зошто овие 12 месеци не искористивме шанса за Македонија која понетираше. Меѓутоа, кога денеска се потсетуваме на таа грешка, дека не сме го формирале Националниот совет, јас сакам да актуелизирам една друга грешка која може денеска да ја направиме. А тоа е да го формираме советот испечени од грешката, искарани од пријателите, критикувани од јавноста, експертите, делови од опозицијата, да ја корегираме технички грешката, формално да ја поминеме одлуката и потоа да ја ставиме во фиока и да го хиперниране овој национален совет кој нема ништо да промени во нашето натамошно однесување. Ако денеска тоа го направиме, мислам дека по 12 месеци во сличен состав ќе дискутираме на иста тема: зошто ни се случи ваков неуспех во нашите интеграциски планови. Значи, пред една година велевме секако ќе добиеме преговори во 2008 година. Единствената разлика која што тогаш се чувствуваше, дали ќе биде во првите шест месеци или во вторите шест месеци. Не успеавме да ја искористиме шансата со советот и сега мислам дека имаме потреба, типично можеби за овој Парламент со гумичка формално да ја избришеме грешката и повторно да продолжиме со нашето исто лошо однесување, кое не доведе овде.

Според мене, ќе згрешиме ако Националниот совет за европски интеграции го гледаме како формула со која што одговорноста ќе се подели помеѓу власта и опозицијата. Однапред да кажеме дека го осудуваме овој совет на неуспех.

Мислам дека е погрешно ако Националниот совет го гледаме како формула во која ќе ја делиме заслугата за дај Боже идните успеси. И тоа не е функција на овој Национален совет. Она што мислам дека мора да биде функција на овој Национален совет и на денешната расправа е како да добиеме Национален совет на Република Македонија кој што за една година ќе реализира со успех датум за преговори за оваа држава. Тоа мислам дека треба да ни биде целта. И сите членови и сите одредби и сите образложенија треба да ги пишуваме така за да дефинираме како да стигнеме до успехот следната година.

Јас сакам да направам една паралла кога учевме и основно и средно образование имаше и послаби ученици и студенти и не сфаќаа дека немаат многу време за да ги поправат оценките. Ќе заглавеа со единици и двојки до март-април и во март и април сакаа да најдат спасоносно решение. Едните тоа спасоносно решение го наоѓаа да седнат да загреат столица и како така да поправат оценка. Вторите мислеа дека спасоносното решение ќе биде да најдат профероси дополнително да ги подучуваат и да им ја поправат оценката во јуни или во август. И едното и дртугото бараше голем ангажман. И немаше професор, немаше помош, немаше пријател или колега, кој што ќе може место нив да ја заврши работата. Јас имам впечаток дека пред Националниот совет за европски интеграции поставуваме една ваква невозможна мисија. Дека со самото тоа што сме го формирале ќе ни ги зголеми шансите за добивањето датум на преговори. А дека ние ќе можеме да продолжиме да се однесуваме комотно во Собранието, Владата ќе може да продолжи да се однесува надмено во својата

зграда и ќе можеме да се однесуваме неодговорно и непрофесиоално кога ќе ја претставуваме државата надвор од нејзините граници. Тоа не е задача на овој национален совет. Националниот совет нема да можње да ни биде добриот професот кој што ќе трча по нас и ќе ни ги поправа грешките. Нема да може ако не му ги дадеме инструментите, позицијата, влијанието, па и моќта, за да реално влијае на тоа како одат работите во Република Македонија.

Значи, овде се постави клучното прашање: дали старата декларација треба да ја земаме како формат да се формира новиот Национален совет и зошто сега СДСМ исмисли нешто ново, а тоа и премиерот да биде во состав на Советот, а притоа истото не го предлагала во 2007 година. И сакам да се приклучам на таа дискусија и да кажам дека ова е нов модел. Ама ова е нов модел, заради тоа што имаме нов проблем. Да не заборавиме дека во 2006 година кога се договараше Националниот совет и се потпишуваше декларација, Македонија покажа дека може да постигне успех. И во 205 година доби статус кандидат. Немаше никаква разлика, никаков конфликт, никави препукувања помеѓу Собранието и Владата во тоа време. Во тоа време немаше ни препукувања дали некој во Владата си ја завршил работата а некој друг не. И заради тоа немаше потреба од вакво решение.

Јас сум убедена дека ако советот го направиме да биде проформа тело од три месеци, веќе ќе го заборавиме. Ако мислиме да го направиме советот само за да си штиклираме, еве и таа обврска Македонија ја заврши, а тоа не ми гила обврска, ако го формираме теото само да се сликаме и да имаме убава фотографија за национален консензус, јас ви кажувам од денеска дека тоа никаде нема да помине. Резултатите на овој Национален совет ќе ги анализираат по три, по шест и најмногу по девет месеци и когаа ќе направат резиме како работела Владата, како работело Собранието, на кој начин се дискутирало овде, на кој начин Владата се однесувала спрема Собранието, тогаш ќе ја донесат дијагнозата дали ова тело успеало, или не успеало.

Опасно е да го формираме советот, да одговориме на надежите на нашата јавност дека нешто најпосле се случува во Македонија, иако јас денеска сум позитивна, сепак, денешнава расправа во Собранието покажа дека знаеме да дискутираме и на друг начин. Меѓутоа, тоа не е доволно, ако овој совет ништо не одлучува. Ако овој совет реално, нема никаква шанса да влијае ниту врз работата на Собранието, ниту врз работата на Владата, ако овој цовет нема мандат, некои тешки одлуки да се носат таму на состанок, тогаш дајте да не го трошиме времето ниту во Собранието, ниту на јавноста, ниту пак да создаваме лажни очекувања. Ако формираме совет на тој начин, тогаш и понатаму Собранието ќе продолжи да живее со свјата улога која и ја наметна Влаата, ама никој овде не се побуни на расипувач на забави. Јас сум сериозно загрижена за состојбите демократски во Република Македонија, за тоа што се што не функционира во државата премиерот или Владата имаат многу едноставно образложение, Собранието. Дури и кога нема врска со обврските на Собранието, неговата уставна позиција, Собранието е многу згодно да се искористи како алиби за се. Јас се плашам дека она што се случува во говорите на многу министри и членови на Владата на Република Македонија е типичен магионичарски трик. Кога магионичарот сака да ве изненад со некое епохално трик решение, тој ви го одзема вниманието. Вие гледате каде му се рацете, а тој позади сцената ќе предизвика нешто друго, што вие ќе го толкувате дека е чудо. Тоа сега во моментот го прави Владата. Таа покажува со прст во Собранието. Мојот впечаток најреален дека дури и стимулира кавги во Собранието, за да го има типичниот виновник во Република Македонија, ако позади сцената некој друг ги влече конците. Позади сцената е некое лошо трик решение што и се случува на Република Македонија. Не сакам и по формирањето на Советот за еврпски интеграции8, ова повторно да се случува.

Еве конкретен пример зошто мислам дека на Македонија и требаше ваков национален совет. Ние можевме да добиеме датум на преговори и без совет. Имало држави кои што успеале да завршат преговори без Национален совет. Ама немале Собрание во кое што се што се случува, ама буквално се,. од тоа кога е закажана седницата, која седница се откажува. која се почнува, кои точки се на дневен ред, директно се води од владината зграда. И тоа е сериозен проблем. И ние не можеме да направиме какво сакате советодавно тело кое ќе го реши овој недостаток, ако во Собранието не се почне со друг начин на ра бота. Значи, буквално, претседателот на Собранието и закажува и откажува и продолжува и прекинува по диктат на Владата или на премиеот. Ви треба закн за јавни набавки со кој што ќе ги зголемите дискреционите права, што е директно спротивно на барањето на Европската унија. Нема проблем. Собранието ќе го изгласа. Ви треба половичен судски совет, нема проблем, Собранието нема да гласа да се комплетира судскиот совет. Ви треба уште едно продолжение на шпанската серија таканаречена отворена Влада на некои седници, а многу затворена Влада на некои други седници. Тука е собранискиот канал тоа да го обезбеди. Тој тип на Собрание не обезбедува услови за преговори. Тој тип на Собрание и нарушени односи помеѓу Владата и Собранието не не води кон членство во Европската унија.

Затоа, јас би сакала да кажам дека Владата не треба, или премиерот не треба да страда од суета. Сакаме да имаме Национален совет на кој што ќе имаат луѓето мандат да решаваат. Срамота е, кога ќе се собереме во една сала и кога во таа сала ќе дојдат претставници на СДСМ, претставници на ВМРо-ДПМНЕ на сите други партии и кога ќе разговараат на пример,

кога да сезаврши точката на дневен ред, срамота е кога претставниците на една од партиите мора да излезат надвор да се исконсултираат со Владата, за да можеме да постигненме било каков договор. За некои работи мора да има консултации, ама за некои работи Собранието мора да има зелено светло само да носи одлуки. Можете ли да замислите на кој начин ќе изгледа овој Национален совет за европски интеграции ако го направиме без учество на тој кј во оваа држава или во оваа Влада ќе ги носи сите одлуки. И тоа по кажување на сите вас е само премиерот. Ќе имаме било каква тема, еве тргнете од овие најактуелните што ни ги спомнуваат и нашите НАТО и нашите европски пријатели.

Тргнете од прашањето Судски совет, од прашањето Закон за јавно обвинителство. Тргнете од предлогот 20-те закони да ги донесеме по брза процедура во Собранието. Ќе ги ставиме како точка на дневен ред и нема да има кој од парламентарното мнозинство да пресече. Ќе ни дојде Законот за јавни набавки, некоја нова верзија и претпоставувам дека сите експерти, невладини организации, Стопанската комора и опосиција ќе кажат дека овој Закон за јавни набавки не е добар, заради тоа што ја зголемува моќта на министрите кои што можат да пресекуваат без било какви законски ограничувања. Што ќе каже заменик премиерот на Владата. Што ќе каже претставникот од ВМРО-ДПМНЕ. Ќе каже се извинувам, ама Владата донесе ваква одлука и премиерот ме задолжи да го бранам овој закон. Тој Национален совет ќе стане само уште еден од безбројните состаноци на кои трошиме време и пари, а не носиме никаква, ама баш никаква одлука. 15 месеци слушам критики од многу сфери, од многу центри, медиумски, политички. Дека кога ќе одиме во Клубот на пратеници и кога ќе се среќаваме со сите претседатели на политички партии, кога ќе се среќаваме со четворицата претседатели на најголемите политички партии, дека ние ја изместуваме дебатата од Собрание надвор од институциите на системот.

Јас имам свое мислење, сега не сакам да го елаборирам. Меѓутоа, мислам дека ова Собрание треба да им даде одговор на таквите критики и дека Националниот совет за европска интеграција е одличен одговор. Наместо да се среќаваме неофицијално како претставници на партиите во некои такви сали , ќе се среќаваме во Собранието на Република Македонија, тоа тело ќе има формат, ќе се вика Национален совет за европска интеграција, ќе има име, ќе има презиме, ќе има акти, ќе има начин на работа и ќе може да одлучува. И никој нема да кажува дека дијалогот се води надвор од институциите на системот, бидејќи оваа критика често пати сум ја чула, токму од пратеници на ВМРО-ДПМНЕ. Затоа и на нив сакам да се обратам. Ова не е трик решение, ниту лошо решение. Сакам, кога ќе седнеме на маса да го забрзуваме интеграцискиот пат на Македонија реално, тоа да можеме да го направиме. И заради тоа, бидејќи за се треба да се праша премиерот, премиерот мора да биде во таа просторија. Ако е проблемот или дилемата дали е во ред претседател на Владата да учествува во тело во кое некој друг ќе биде претседавач, еве јас да ви кажам, јас сум подготвена ние да се откажеме од претседавањето на тој совет како опозиција. Не е толку битно кој ќе претседава. Апсолутно, тоа е второстепено прашање. Она што е битно е дали за нешто ќе решава Националниот совет. Затоа, иако ова е дискусија која можеме да ја водиме и потоа по амандманите, јас ја ценам подготвеноста на предлагачот да прифати дел од предлозите. Мислам дека ова е клучниот. И господинот Петковски и многумина во ова сала присуствувале на таквите средби и знаат дека за крупните одлуки, а овој е совет за крупни одлуки, а не за техника, мора да ги имаме луѓето кои имаат мандат.

Мојата препорака е да не се отфрла ваквиот предлог лесно. Ако е потребно, а претпоставувам дека е потребно да направите консултации со премиерот, направете. Меѓутоа, не можеме како држава да правиме ситни компромиси за крупни државни цели, само заради моја или туѓа суета.

Првата работа која треба да ја направиме е да се откажеме од тие суети. Да направиме совет кој што ќе носи прогрес за државата, а не кој што ќе биде само место за кавги, за разлики и за критики.

Ќе ми дозволите да кажам уште една работа. Проблем е, навистина е проблем кога неоправдано ова Собрание на свои плеќи зема преголем дел од одговорноста за лошиот извештај на Европската комисија. Јас очекувам на таквата тенденција да се спротивстават пратениците од парламентарното мнозинство. Не може во оваа држава да владее ставот промовиран од страна на Владата дека проблем на Македонија биле 10 или 20 закони кои што стоеле во собраниска процедура. А вие како пратеници на истото тоа мнозинство да не возвратите со едно едноставно прашање, зошто Владата не доставила до Собранието 30 или 40 закони кои требала да ги достави оваа година. Зошто никој не зборува за тие закони. Зошто никој не зборува за сите подзаконски акти кои биле заборавени од министерствата. Зошто никој не зборува за другите обврски кои се преземени. Вработувања, институции, обука, финансии и тн. Во оваа држава извршната власт сака да глуми споредна улога само на неа кога и одговара. Ако постојано 15-те месеци слушаме дека власта е власт и има мнозинство и нема зошто да разговара со опозицијата, денеска мора да признаеме дека негативниот извештај е резултат на таквите погрешни ставови.

И на крајот, немојте да очекувате од овој совет чуда, затоа што овој совет нема да има мандат, наместо Собранието на Република Македонија да санкционира и пратеници и заменици министри, кои што ќе го срамотат Собранието.

Тоа е наша задача како законодавен дом. Не може Советот да направи чуда, затоа што не може да санкционира нетранспаретност на една Влада која што секојдневно не убедува дека нема пари за стечајци, за невработени, нема пари за сиромашни, нема пари за социјалци, ама има пари неброено многу пари милиони денари и евра за реклами за кои ниту еднаш пред ова Собрание не поднесе и не даде отчет. Јас случајно барајќи кој што кажал во декември минатата година за извештајот од претходната, ја најдов изјавата на премиерот кој вели: за сите овие прашања ќе имате одговор за седум дена. Поминаа седум месеци и седум недели и седум дена поминаа. Никој во оваа јавност од ова Собрание, надвор од Собранието не доби одговор на едноставно прашање: каде одат нашите пари.

Советот нема да може тоа да го реши. Затоа, предлогот кој беше даден и кој целосно го подржувам, мора да го ревидираме со заеднички сили. Мислам дека во духот на консисуз за кој сите говорат, ама малку го прават, треба да се седне и да се разговара на кој начин Националниот совет ќе ги реши проблемите на Македонија во овој момент. Ако не го направиме тоа Националниот совет ќе биде уште една промашена иницијатива без никакви резултати, ќе ги иритира и македонските граѓани кои ќе гледаат дека се трошат нивните пари, ќе ги иритира нашите европски пријатели кои ќе гледаат дека нешто се прави, ама резултати нема, ќе не иритираат и сите нас. Заради тоа апелирам и би побарала, доколку посоти можност и на крајот на оваа дискусија да седнеме и да направиме напор да се постигне компромис дека не ни е целта да биде по наше, да покажат и со конкретниот предлог.

Ако премиерот смета дека не е во ред да учествува на тело кое друг го претседава и тоа сме подготвени да го промениме. Меѓутоа, ни требаат не марионети, не претставници, туку ни требаат политичари кои имат мандат и моќ да носи одлуки.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Шекеринска.

Три минути реплика за господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, се надевам дека нема да ми замерите што во својство на предлагач еве по трет пат се јавувам. Не се јавувам со намера да ја бранам позицијата на премиерот, но се јавив со намера да докажам дека оваа предлог одлука е добра, според предлагачите.

Обидот да се формира Национален совет за евроинтеграции, според мене значи обид да направиме национален консензус околу овој приоритет. И би било добро се согласуам на ова што рече госпоѓа Шекеринска, ако може да го направиме со компромис. Тоа би било најдобро. Значи, тоа би било практично првиот успешен чекор кон заживувањето на Националниот совет. Но, видете, ако нема политичка волја ние можеме да донесеме совршено добар состав на советот, а тој пак да не функционира. Ако имаме желба да промениме суштествено и нашето однесување и нашите погледи потребата да се откажеме од сопствени некои тврди ставови како политички партии, мислам не е продуктивно и расправата да ја водиме дури и да ја донесеме одлуката онака како што ќе се договориме, како што ќе се усогласиме. Ние имавме декларирана политичка волја да направиме Национален совет за евроинтеграции според изјавите на политичките партии и тоа го правиме. Во меѓувреме, еве слушнавме господине Бучковски, вие кажувате имаат некои работи се созреани, или има сосема поинакви погледи. Но, бидете сигурни ако се договориме да го нарпавиме вака како што предлагаме. Ќе дојде апсолутно зголемувањето на одговорноста на сите пратеници во Парламентот. Подеднакво на тие што ја подржуваат Владата и на опозицијата.

Заложбата за на чело на советот да биде човек предложен од опозицијата, значи дека тон на работата на советот ќе дава токму претседателот. Впрочем, како што е тоа во сите институции, во сите асоцијации. Ќе ви кажам тука, еве, тројца пратеници бевме во Хрватска, разговаравме и со господин Дробњак, главниот преговарач хрватски, со сите релевантни луѓе во Хрватска, ни рекоа дека господин Станадер не пропуштил ниту една седница на тој совет кога бил во Хрватска, ама не е формално член на тој совет. Претседава порано, покојниот Рачан, сега Милановиќ. Значи, нема никаква дилема дека има интерес Владата овој Национален совет да функционира. Ако ние постигнеме овде согласност, ако ги прифатиме обврските свои, тогаш бидете сигурни како Собрание ќе имаме многу повеќе можност да вршиме контрола над она што го прави Владата, бидејќи не е спорно, вие рековте госпоѓо Шекеринска, дека главниот фактор во водењето на процесите во евроинтеграции сепак е Владата. И главната одговорности и на Владата и на премиерот. Ние на овој начин ќе вршиме и посериозна контрола. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господиние Петковски.

Контра реплика има госпоѓа Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Да почнам со тоа каде немам дилеми.

Значи СДСМ ќе ја подржи оваа одлука.

Сакам однапред да предупредам дека не ни треба хендикепиран совет. Совет без премиерот на Република Македонија нема да може да ги носи одлуките за кои имаме историска одговорност да ги носиме. Патем речено овој совет и неговата цел, забрзување на европските интеграции,не е заради одговорност на пратениците, туку заради одговорност и на извршната власт и на пратениците.

Кога веќе ги правиме паралелите со Хрватска, да не заборавиме дека овој Национален совето во

Хрватска функционира во услови кога Хрватска доби датум за преговори и кога успешно ги води и добива одлични извештаи. Во Македонија денес правиме Национален совет заради тоа што политиката на Владата, да не се разговара, да не го третира ова Собрание, доживеа катастрофален пораз. Да имавме датум за преговори, јас сум убедена дека немаше да има ниту иницијатива за Национален совет. Ја имаме заради доживеаниот неуспех. Се дадевав и се надевам дека тој неуспех не научи и по некоја лекција. Една од тие лекции е да имаме совет кој ќе значи нешто и ќе носи одлуки. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За реплика се јави господин Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам потпретседателе.

И после контрарепликата сепак сум на мислење дека пратеничката Шекеринска има дилеми околу предлогот за Национален совет за евроинтеграции, лобирајќи меѓу моделот еден и моделот два, што е вообичаено за Социјалдемократскиот дискус, едниот за интерпартиска и домашна, другиот за интерпартиска. Навистина не разбрав кои се тоа суштински ингеренции кои пратеничката Шекеринска ни ги нуди на овој Национален совет, баш со оглед на тоа да не биде хендикепиран од суштински надлежности. Тоа што единствено разбрав, како намера е да се измести она што е советодавна улога на овој Национален совет. Впрочем, и Национале совет звучи тоа.

Меѓу советодавната и супервизиската улога на овој Национален совет, навистина постои суштинска разлика, а околу тој ден на ингеренциите, буквално не слушнав ништо во дебатата.

Она што е камен темелник на потенцијална расправија е итното учество со право на глас на претседателот на Влада, што како искуство го нема ниедна земја апликант или веќе член на Европската унија, ниту Хрватска, со основањето на Националниот совет на 19 јануари 2005 година има предвидено таква опција, во членот 3 само како претставник на Владата и претставник на Кабинетот на претседателот на Република Македонија, ниту Бугарија со нејзиниот Национален совет од март 2000-та година, ниту Словенија, во нејзината формула за Национален совет од 1997 година.

Јас навистина не знам, во еден така опсежна дискусија да се потенцира дека главен проблем би била нечија суета. Јас во старт, априори, ако било кој следен или иден институт или институција, ако ја сметаме како пазар на суети или ванитатис, што би кажале уште Римјаните дека тоа би бил потенцијален судир или пазар на суети. За да постои тоа навистина треба да има судир и со други суети. Навистина сметам дека таа тема за суетата вие барем денес депласирана во оваа дискусија.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Една минута контрареплика за госпоѓа Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Господинот колега пратеник упорно употребува примери кои се неприменливи.

Да бевме ние како Словенија и како Хрватска, господине Шутаров, не трабаше да има потреба, јас ќе речев нема потреба, Владата убаво си ја тера работата, нека ја тера како што работела, нема потреба од Национален совет, или нема ургентна потреба. Две години по ред оваа држава добива негативни извештаи од Европската комисија. Заради грешки кои ги направи Владата на Груевски и грешки кои нема да може да ги корегира никаков совет, ако луѓето од Владата не седнат, не се договорат и не го реализираат договореното. Затоа, господинот Санадер, добро ја врши својата улога. Во последните 12 месеци имаше средби со сите премиери на државите членки на Европската унија. Нашиот господин премиер Груевски, седи во Скопје не ја напушта државата, кога ќе ја напушти со малку премиери се гледа и за жал, се помалку и помалку носители на европски одлуки доаѓаат во Македонија. Тоа не може да ме радува. Тоа мене ме плаши и заради тоа и Националнот совет и сите други иницијативи ќе ги поздравам ама да имаат логика.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има реплика господин Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе.

Госпоѓо Шекеринска внимателно ја слушав вашата дискусија и вие зборувавте за учинокот и ефикасноста на Собранието.

Се согласувам, да зборуваме за учинокот и она што го работи Собранието и ќе почнеме од она што вие го работевте, сработивте и придонесовме за Собранието лично.

Јас секој ден сум во Собрание, секој ден сум на моето работно место, а за вас можам да констатирам дека денес сме 19 ноември, а вие сте втор пат во оваа пленарна собраниска сала. За 19 дена два пати сте се појавиле на своето работно место.

Вашата плата госпоѓо Шекеринска, избрани сте од граѓаните, со 50 илјади денари да бидете во ова Собрание. Од тие 30 дена, до сега, до 19 ноември сте вкнижиле ...

(Реакција на пратениците од СДСМ)

**Бесим Догани:** Ве молам колеги тишина.

**Влатко Ѓорчев:** Потпретседателе да не ми отчукува времето.

**Бесим Догани:** Ќе ви дадеме екстра време.

Колеги, ве молам, допуштете му на пратеникот да заврши.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарам.

Очигледно ги боли вистината некои во оваа собраниска сала.

Значи, вие госпоѓо Шекеринска...

(Пратениците на СДСМ и натаму реагираат)

Јас зборувам со факти. Ве молам повелете демантирајте ме и кажете дека Радмила Шекеринска не е втор пат на своето работно место.

Колеги, секој ден сме тука, секој ден се гледаме меѓу себе. Денес е 19 ноември, Шекеринска зборува за ефикасност на Собранието, а втор пат се појавува на нејзиното работно место.

Госпоѓо Шекеринска, дали се чуствувате одговорна што до 19 ноември имате вкнижено 32 илјади денари, а сте се појавиле два пати на вашето работно место во македонското Собрание и вие се држнувате да зборувате за ефикасноста и неефикасноста на македонскиот парламент.

Понатаму, ние, кога веќе ја спомнавте Словенија, ајде веднаш да донесеме словеначки Деловник за работата во Собранието, словеначки Деловник кој е направен по урнек на германскиот Бундерстаг, словенечки Деловник со кој ќе може да имаме нормални дискусии кои ќе траат 10 минути. Но, вас не ви одговара словенечки Деловник и Германски, и Италијански, и Француски, туку напротив, со вашите блокади, со вашите опструкции сакате да го блокирате Собранието што и успешно го правите во оваа една година.

Понатаму, ако зборуваме за амандманите што се прифатени, јас ќе ви кажам еден податок, а податокот е очигледен. Тоа е дека во текот на 4 години ...

(Реакција во салата од пратениците на СДСМ во однос на времето на говор на господинот Ѓорчев)

**Бесим Догани:** Господине Макрадули, времето за реплика му се продложува толку колку што му одзедовте вие и ве молам за пристојно однесување во Собранието. Ве молам.

**Влатко Ѓорчев:** Значи, ако зборуваме за амандманите и предлозите од опозицијата, кои се прифатени, јас ќе потсетам.

На 15 септември, на легедарниот 15 септември кога требаше да се вработи по еден член од секое семејство и тогаш од 15 септември 2006 година вкупно од ВМРО-ДПМНЕ беа прифатени од тогашната Влада на СДСМ и од државникот 16 амандмани. Значи, во 4 години 16 амандмани, или 4 амандмани годишно. Ова мнозинство и оваа гарнитура има прифатено досега, во една ипол година, 250 амандмани. Ајде да зборуваме со бројки. Демантирајте го ова. Мислам дека работите се очигледни и очигледно некого го боли вистината. Вистината е таа, фактите се тие. Благодарам.

**Бесим Догани:** Една минута контра реплика за госпоѓа Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Денеска ова беше уште еден пример зошто пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се срами и треба да се извинува поради однесувањето на својот пратеник. Ова денеска беше пример зошто пратеници кои не успеале долго долго години да го завршат своето образование...

(Реакција од пратеници од позицијата)

...и при тоа потрошиле десетици илјади.

**Бесим Догани:** Ве молам колеги не дофрлајте од место.

**Радмила Шекеринска:** Потрошиле десетици илјади евра од македонските граѓани за образование за кое некои други студенти не можеле да платат па останале дома, ама имало кој да троши место нив. На крајот на краиштата, денес ова е пример зошто Република Македонија после 15 месеци врескање на вакви квази пратеници не може да добие датум за преговори. Ова беше политиката која европскиот извештај требаше да ја порази. Гледам некои луѓе, колку и да укажувате, колку и да слушаат, колку и да гледаат, ништо не разбираат и ништо нема да сфатат. Ова е тажен ден и за патеничката група на ВМРО-ДПМНЕ која не може да се извини толку пати колку што овој пратеник може да ги избрука. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има реплика госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе.

Јас би сакала да се вратам на нашата домашна работна задача и да укажам дека денес ние сите заедно треба да покажеме политичка и демократска зрелост за постигнување на максимален консензус.

**Бесим Догани:** Ве молам не дофрлајте од место. Земајте збор, реплика, процедурално, што саката, но не дофрлувајте од место.

**Силвана Бонева:** Мислам непотребно ги вжештуваме состојбите во Парламентот. Мислам дека немаме кој знае какви разлики во ставовите помеѓу нас. Можеби за прв пат сме толку блиску едни до други и за прв пат можеме да испратиме една убава порака до сите граѓани на Република Македонија дека успеавме денес за прв пат да ја донесеме одлуката за формирање на овој Национален совет. Мислам дека тоа ќе го направиме благодарејќи на добрата волја на сите политички партии во Парламентот.

Морам да укажам дека многу ни се блиску ставовите, повторно ќе кажам, имаме многу малку разлики. ВМРО-ДПМНЕ не отстапуба од својот бројчан концепт односно од она што го прифати во моментот кога бевме опозиција. Имаве Национален совет за евроинтеграции, предложен од претходната Влада, на која помеѓу другите се потпиша и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, господинот Груевски.

Морам да потсетам дека тогаш Националниот совет за евроинтеграции беше во следниот состав. Значи, внатре членови требаше да бидат претставници од парламентарното мнозинство и од опозицијата, претседатели на собрниските комисии, за надворешна политика и европски прашања, како и еден претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија и од Канцаларијата на претседателот на Владата на

Република Македонија. Значи, ни тогаш никаде не стоеше дека премиерот е тој што требаше да биде член на Националниот совет за евроинтеграции. Значи, ние како политичка партија во континуитет го подржуваме уште првичниот концепт зад кои сме застанале и заради тоа ве молам почитувана колешке не велите дека овој совет ќе биде хендикепиран совет. Нема да биде хендикепиран овој совет, туку ќе биде зајакнат со потпретседател на Владата одговорен за европски прашања. Значи уште повеќе го развиваме концептот отколку што беше порано.

Значи, потпретседателот на Владата ќе биде присутен тука и не можеме да зборуваме за хендикепиран совет. Ние сме понапред од другите земји, заради тоа што земјите кои што добиле статус на кандидат и почнале преговори, тие отпочнаа со Национален совет. Еве, прекрасна можност ние уште пред да добиеме датум за преговори да започнеме со Националниот совет и да работиме во интерес на земјата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Контра реплика има госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Госпоѓо Бонева, ќе се радував многу Македонија да беше, како што велите вие напред, напред од другите држави. Реалноста е спротивна, Македонија е назад, назад од оние со кои што сме сакале да се споредуваме. Ако претходно велевме ајде ќе бидеме заедно под група со Хрватска, таа отиде напред. Во Извештајот не сместуваат во група со Албанија и со Црна Гора. И, не можете да глумите дека е оваа нормална ситуација. Две години по ред добиваме негативен Извештај и вие сакате Собранието и јавноста да се прават дека ништо не се случува. Главниот проблем е дали на премиерот ќе му падне круната од главата ако влезе или не влезе во Советот. Не мора да влезе, ќе го изгласаме, но јас ве уверувам дека овој Совет нема да може да го направи помагот кој и треба на Република Македонија. Ако на Република Македонија и требаат сите да бидат обединети, прввиот во тој ред мора да биде премиерот. И, фактот дека тој одбива тоа да го направи, мене ме прави загрижена.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Во меѓувреме, почитувани колеги пратеници, предлагачите на Предлогот на одлуката, пратениците Тито Петковски, Горан Мисовски, Мирјана Секуловска, Благој Зашов, Веле Митановски и Иван Анастасовски поднесоа амандмани на член 3 став 1 и за менување на став 2 и за менување на член 5 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со расправа.

Има збор господинот Неждет Мустафа, повелете.

**Неждет Мустафа:** Благодарам потпретседателе, колеги пратеници.

Сакам дај акористам можноста да и реплицирам на почитуваната госпоѓа Радмила Шекеринска, се со цел да ја дадам сета моја позитивна желба, енергија и подршка во однос и на предлагачот и на нејзините пораки, во кои барем јас видов една силна содржина дека време е за еден целосен заеднички консензус дека време е за консолидиран став токму на нас пратениците и дека ама апсолутно од минатото, од сето она што го поминавме заедно, немаме аир од дискусии кои што нема да ги исполнат нашите, пред се обврски од мандатот што го имаме. Јас навистина би сакал да се вклопам во содржината на двете опозициони, позициони страни, се со цел овој национален консензус, се извинувам, овој Национален совет за евроинтеграција, да дадеме една силна мотивација на сите граѓани на Република Македонија и да дадеме еден силен сигнал на амбасадорскиот кор во Република Македонија, на македонската заедница дека граѓаните на Република Македонија односно пратениците на Собранието на Република Македонија се искрено зеинтересирани да го извршат своите обврски. Во тој контекст навистина би сакал да си дадеме една желба, еден позитивен момент дека има време кога можеме да дискутираме за одредени состојби, но сега е време за националниот консензус. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Мустафа.

Има збор господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, еве јас накусо сакам да се вклучам во расправата по Предлогот за формирање на национален совет за евроинтеграција.

Мислам дека уште на почетокот сосема е јасно дека денешната расправа, како што рече и госпоѓа Шеќеринска, дека е конструктивна. Таа е констуктивна од аспект на опозицијата, која што цел ден напаѓа потезите на Владата, го напаѓа претседателот на Владат, а пратениците, парламентарното мнозинство и т.н., тогаш значи расправата е многу конструктивна и одлична. Мислам дека ваква расправа водиме во Парламентот повеќе од 14 до 16 месеци. Парламентарното мнозинство постојано молчи не заради тоа што не може да возврати или нема аргументи или факти, туку едноставно постојано во желбата да поминат одредени законски проекти, одредени одлуки, ние постојано викаме нека помине барем денес да донесеме некои од важните закони, кои што не приближуваат кон Европската унија или пак НАТО. Така што, околу констуктивноста толку сакам да кажам.

Инаку, навистина, има потреба од формирање на национален совет за евроинтеграција, можеби требаше да формираме и едно вакво тело ако одиме по оваа аналогија и за побрзо интегрирање кон НАТО стандардите, бидејќи таа е прва на ред работа што требаше да ја завршиме, но сигурно дека одредени активности што ќе ги има овој Совет дке аќе бидат исто така

битни за исполнување на стандардите за влез во НАТО. Ако овој Национален совет биде арена, политичка арена која што практично ќе се измести политичката расправа од парламентот во национален совет ако таму сит еоние дилеми се искажуваат, ако таму се изнесуваат ставовите и ако таму се доаѓа до некои битни усогласувања за прашања сврзани за иднината, за европската перспектива, тоа најверoccured ќе биде добро, бидејќи Парламентот Ќе се ослободи од непродуктивните расправи или од политичкиот маркетинг, од дневно политичкиот маркетинг кој што е присутен секојдневно на сите паралментарни расправи, па не само на пленарните седници, туку и на комисиските седници. Значи во оваа насока мислам дека добро е да функционира едно вакво национално тело, но не треба ние да имаме илузии дека сите проблеми во државата ќе ги разрешиме со самото тоа што ќе се формира ваков Национален совет. Националниот совет што сега го предлагаме ниту е уставна категорија, ниту е законска, туку единствено носиме одлука на Парламентот за да формираме едно вакво тело. Во одлуката не се прецизирани надлежностите, посебно нема одговорност за оние што ќе партиципираат, до колку започне за тоа што зборуваа и некои други пратеници, некој повторно започне да ја опструира работата на овој национален совет,како што се прави таква опструкција веќе подолго време во самиот Парламент при носење на важни битни закони токму врзани за евроинтеграционите процеси. Така што, во таа насока мислам дека не треба да имаме такви очекувања или пак за тоа што не го формираме, па сега касниме со приближувањето до Европската унија или пак приближувањето кон стандардите на НАТО. Но како и да е, мислам дека е дборо да се направи консензус, да се направи едно тело кое што ќе ги одразува сите политичкисили во државата, ќе бидат вклучени во него и други релевантни претставници од бројни други институции и се надевам дека овој Совет ќе започне да функционира и ќе ни ја олесни работата пред се на нас на Парламентот, бидејќи сум убеден дека Парламентот може да функционира многу поефикасно, многу побрзо тоа можеше и до сега да го направи, меѓутоа очигледно е дека имаме ние многу разлики за многу прашања. Еве, само како ние ја опструираме работата на Парламентот, само да го посочам Законот за јавно обвинителство, каде што не можеме да се усогалсиме, бидејќи позицијата бара, што за мене е сосема нормално обвинителите кои се со ограничен мандат од 6 години, по завршувањето на овој мандат, месец дена пред да им заврши мандатот да аплицираат за повторно во една сосема поинаква процедура да бидат реизбрани до колку ги исполнуваат законските услови, наспроти тоа што го бара опозицијата со закон да и се продолжи мандатот од ограничен во неограничен мандат. Тоа сега го презентирам како еден пример како се блокира и како се опструира работата на Парламентот во бесконечност. Затоа, сега главна забелешка е, веројатно за тоа ќе расправаме и по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија кон евроинтеграциите, ќе расправаме токму за доцнењето на реформите во судскиот систем, кој што е клучен за владеењето на правото и функционирањето на правната држава. Но, еве, да не должам јас, мислам дека е добро што се приближуваме со ставовите да се формира еден ваков Национален совет и се надевам дека тој навистина ќе ја одражува политичката потреба на сите сегменти во државата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Процедурално три минути господин Мисовски Горан, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам потпретседателе,

Од името на пратеничката група на НСДП барам поддршка од 10 пратеници Собранието да работи по 18,00 часот т.е. до изгласување на точката која што е на дневен ред.

**Иван Анастасовски:** Дали имате поддршка од 10 пратеници? (Има)

Предлогот на колегата Горан Мисовски да работиме до изгласување на точката од дневниот ред, го ставам на гласање.

Ги замолувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат, бидеќи ќе пристапиме кон гласање.

Според моја проценка, мислам дека во салата има над 61 пратеник, предлогот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Гласањето го поништувам, бидејќи во салата во моментот на гласање имаше само 57 пратеници, а сега во моментот во салата има 62 пратеници.

Ве повикувам повторно да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници во салата гласале 55, сите 55 гласале за, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека предлогот на колегата Мисовски Горан да работиме до изгласување на точката е усвоен.

Продолжуваме со работа.

Дали некој од пријавените е за реплика по однос на говорот на Павле Трајанов.

Прв за реплика е пратеник господин Спасовски Оливер.

Повелете, вашите три минути.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе,

Сакам во два дела да реплицирам на колегата Трајанов. Во еден дел се сложувам со него, заради тоа што повтори еден од нашите ставови претходно.

Прво, во делот на констуктивноста навистина очекував како дле од парламентарното мнозинство, како вистински коалиционен партнер на Груевски, не да ја учи опозицијата како да се однесува во Собранието, туку да го седнете него

да го искористите авторитетот како коалиционен партнер и да му посочите дека тврдоглавоста не е сојузник ниту на Република Македонија, ниту на него лично, ниту на неговата партија. Очигледно за тоа немате сила, заради тоа што постојано се јавувате во моменти кога некој тоа ќе ви го каже.

Втората работа, за која што исто така сакаме да ви реплицираме е дека од формирањето на овој Совет можеби не зависи ништо дека едноставно ниту е уставна  и законска категорија желба на политичките партии да го направиме овој Совет, со цел да придонесеме да се подобри работата во овој сегмент на Европската унија. Тоа е наш став, тоа ви го соопшти претседателот на СДСМ. До колку одеа добро работите со европските перспективи на Република Македонија, можеше да си ја завршиме работата и без националниот совет. Очигледно нешто не е добро во тој поглед. Тоа го свати еден од коалиционите партнери кој е ваш и предложи ваков Совет да се формира, се со цел да можат да се менажираат состојбите и проблемите во Република Македонија на еден поинаков начин. Инаку, колку опозицијата ви помага во ова Собрание, веројатно не сте свесни. Не можете во ниту еден момент да обезбедите 61 пратеник за да ја започнете седницата. Иако, вие постојано сте гука,  меѓутоа голем дел од пратениците на владеачкото мнозинство не се присутни во Собрание, постојано се на пат некаде или најчесто во Трговскиот центар на кафе и на шопинг. Така не можете да опстоите ниту да ја водите Република Македонија. Седнете на една од координациите и побарајте од нив да бидат конструктивни многу повеќе од тоа што го барате од СДСМ. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика има пратеник господин Трајанов Павле, повелете.

**Павле Трајанов:** Добро, еве, сакам и на пратеникот Оливер Спасовски, но и на сите пратеници да им кажам, дека настапувам од името на Демократскиот сојуз, дека никогаш до сега не се случило никој да ми сугерира јас да настапам и да бранм одредени други ставови, а не моите ставови за кои сум убеден дека треба да ги застапувам.

Да расчистиме, секогаш кога настапувам, настапувам од мое име,  од името на партијата која што ја застапувам во Парламентот и од името на граѓаните.

Формирањето на еден ваков Совет, укажав,не е уставна категорија, туку, пред се, е израз на политичката волја, на политичката определба. Политичка определба постои кај сите нас, вербална, дека сме за брзо интегрирање, но практично, многу од нас работиме против тоа Република Македонија да се движи побрзо кон евроинтеграционите процеси да бидат поблиску.

**Иван Анастасовски**: Ви благодарам.

Три минути репллика, господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам.

Еден од проблемите кои што беа нотирани во европскиот Извештај е токму слабата координација и односи внатре во владеачката коалиција, што делумно го потврди сега и пратеникот Павле Трајанов кој што е дел од владеачката коалиција. Тој заборави да каже дека веќе постои Национален совет или национално тело за НАТО интеграциите и тој добар пример господине Павле Трајанов, не затоа што вие не знаете дека постои после 15 месеци, можеби НАТО не ве интересира, но добар пример дека еден Совет или едно координативно тело во таква форма не ги дава очекуваните резултати. На пример, имате владино тело во кое што има, според моја проценка, затоа што учествувам таму, се чини околу 10, 11 министри, вклучително и министерот за земјоделие или некои други институции кои што апсолутно немаат приоритетна или допирна точка со НАТО.

И, тој е примерот, кога ќе формирате едно тело заради тело, притоа нема да го свикувате од страв опозицијата да не ги каже виситнските работи, на крајот нема да ја постигне целта. И, есапот, од досегашното интегрирање на Македонија во делот на НАТО, веќе ни пристига, но сеуште не е доцна.

И, уште нешто, господине Павле Трајанов, кога зборувате за блокади ќе треба да побарате од вашиот премиер Груевски, или Габриела Коневска, или било кој да ви даде објаснување зошто 583 активности во исклучителна надлежност на Владата не се направени. Прашајте ги зошто на 11 ноември не се назначија командирите на полициските станици во Република Македонија, што е обврска за НАТО и за Европската унија. Знаете зошто господине Павле Трајанов, затоа што вие место да се интересирате за тоа како да и помогнете на Република Македонија за Европската унија и за НАТО поставувате ваш роднина за директор на Службен весник кој штопатем оспорува легитимитет на Уставен суд. Е, тоа е антиевропско однесување и пракса. Знаете сошто господине Павле Трајанов ќе имаме блокада во ова Собрание, заради Владата и заради она што го кажа колегата од СДСМ Спасовски, кога еден пратеник кој што не го изучил и не го завршил македонското национално законодавство одлучува и говори за усогласување на македонското со европското законодавство. Тоа е парадоксот, кога тие што не изучиле македонско право, сакаат да зборуваат за европско право. Мора да има ред во нештата.

Прво редот ќе биде во Владата, таа ќе ја сработи својата домашна задача, па ќе дојде во Собранието, потоа вие нема да зборувате за вашите партиски лични интереси, помалку ќе се карате и ќе се докажувате кој е поголем маж во вашата коалиција, па ќе дојдеме да разговараме за квалитетни закони, а не наврат нанос, кога ќе помине рокот кој што смаи си го задавате, потоа носите неквалитетни закони.

И, на крај господине Павле Трајанов, што стана со назначувањето на командири на полициски станици, или вие имате дел во караниците во владеачката коалиција кого да поставите. Така не се оди во Европа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Вие процедурално барате.

Процедурално пратеник господин Александар Николовски. Повелете, да видиме во што е процедурата.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе.

За белешката се однесува на текот на дискусијата. Забелешката може да биде прифатена, може да не биде прифатена, поеќе е апел за тонот и начинот на дискусијата.

Јас колку што се сеќавам во текот на денот ние се обидовме да изградиме една конструктивна атмосфера која што ќе сугерира на тоа дека ќе имаме сличен или заеднички став и сакам е некои работи да поправиме во државата. За жал, за разлика од дискусиите на Парламентарното мнозинство, зборувам за она што се вика дискусии, не реплики и контра реплики, ние го дадовме нашиот придонес, но не го чувствувам и во овие моменти би сакал апелирам да не се доведеме во ситуација да ја однесеме седницата на друга страна и практично ова да стане расправа по интерпелација на Владата, или за работа на парламентарното мнозинство. Можеме да дискутираме и така, но мислам дека ќе ја изгубиме и целата поента.

Пораката која што сакаме да ја испратиме ќе ја изгубиме и практично ќе ја промашиме суштината на оваа тема, а тоа е да покажеме дека можеме да изградиме консензус. Ние сме спремни тоа да го покажеме како парламентарно мнозинство и апелирам на сите да го имаме тој тон. И во процедуралното се обидувам коректно да говорам и да не споменам никого токму во таа насока. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Една минута контра реплика пратеник господин Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Тони Трајанов не ми е никаков роднина. Тој ми е роднина колку што и Борис Трајанов ми е роднина. Значи, презимето не значи дека некој некого му е роднина. Апсолутно тоа не е точно, ако сакате проверете, имате систем за проверки, проверете и ќе се уверите дека апсолутно тоа не е точно. Добро е кога настапувате јавно да зборувате со факти, а не паушално да обвинувате.

Втора работа, кога зборував дека можеби е добро едно вакво тело формирано од Парламентот да постои за НАТО интеграции, бидејќи токму приоритетни обврски ни се сега оние кои што се сврзани со исполнувањето на критериумите, политички и други критериуми за прием во НАТО. Тоа можеби Владата ќе го надмине, но ако продолжиме вака да се расправаме во Парламентот повторно може во Парламентот да седи тој што ќе ги блокира работите. Инаку, сигурно дека сум за тоа како резултат на политичката определба да се формира едно вакво тело. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика, Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседателе.

Бев испровоциран од пратеникот Трајанов бидејќи со неговата дискусија всушност ја покажа најголемата маана на владеачкото мнозинство. Значи, ова е една чудна екипа без кормилар каде што преку овој совет конечно ние ќе се обидеме кормиларот да го доведеме да го фати кормилото и да може нешто да се договориме. Инаку, импровизациите што овде доаѓаат од типот дека опструкциите ги прави опозицијата и дека не може заради нашите предлози да биде договорен законот за Јавно обвинителство покажува дека ние реално и покрај нашата добра волја немаме од другата страна партнер кој може да го преземе ризикот да се донесе некоја одлука и да се направи компромис.

Значи, во овој момент за да можеме да ги завршиме незавршените работи кои требаше да бидат завршени уште пред 12 месеци, за да можеме фронтно да ги решиме тие 7-8 или 9 прашања ни треба поинаква организација на парламентарното мнозинство. Ни треба затоа премиерот да ја преземе одговорноста, а не да нема кој да собере храброст, не вртат кај премиерот, кај неговиот шеф на кабинет па да праша дали мо жат да прифатат амандман кој оди во правец на тоа да ја олесниме приказната. Ако не може не круни самиот цар да биде член по функција на ова, еве се откажа СДСМ, се откажа претседателот на СДСМ не сака Советот да биде воден од страна на опозицијата. Дајте да седнеме да се договориме да ги решиме проблемите, а не вака со дополнителни ултиматуми не можело така да биде организирано Јавното обвинителство. Па, како може да биде организирано јавното обвинителство. Така ли како што е организиран Судскиот совет, да му да деме на оној човек кој ги лечи своите комплекси па велеше ми треба судскиот совет, да му го дадеме и советот за јавни обвинители. Да избере 23 јавни обвинители, каде што ги избраа управните судии, па ни се смеат сите од еснафот. Вие не знам дали се чувствувате како правник, одат упрвните судии во судот управен и одат од апелација на дополнителна обука, да се едуцираат. Дел од избраните судии во Управниот суд немаат фатено во рака управно решение. Па такви ли обвинители ќе бираме, такви какви што избравте судии. Затоа немаме доверба. Додека не сфатите дека сето ова што го говориме го говориме за општо добро, не го говориме заради неспособноста на еден двајца, или тројца министри, туку бараме да се разбереме дека ова што ние го нудиме, го нудиме за да можеме да направиме прогрес. Инаку, вие да бевте во ситуација како што повторуваме 2005, па никогаш

не ќе го направевте компромисот. Да ја направите таа отстапка, да ги прифатиме сите барања од опозицијата и да напрвиме 105% фер и демократски избори. Со вас нема да се договориме фер и демократски да го смениме претседателот на Парламентот, кој ни прави штета а камо ли друго да направиме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеникот господин Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Господинот Бучкоски очигледно не е доволно информиран околу тоа како се водеше постапката за усогласување за законот за јавно обвинителство со опозиција и позиција. Мислам дека Владата и парламентарното мнозинство или партиите од позиција прифатија голем број на сугестии и предлози и тие се вградени во Законот за јавно обвинителство. Само една одредба е спорна и се надевам дека ќе се најде решение за таа одредба и ќе се разреши овој проблем, но сигурно дека јас не гледам компромис кога опозицијата условува дека или вака ќе биде, или нема да го поддржиме законскиот проект. Дури ваквото решение кое јас го предложив на една средба беше прифатено и од претседателот на СДСМ, госпоѓа Шеќеринска, но се премисли и затоа тој закон сега остана недонесен, а е битен за реформите.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Јован Манасиевски, повелете.

**Јован Манасиевски:** Благодарам почитуван господин потпретседателе,

Почитувани колеги пратеници, Либерално демократската партија ќе ја поддржи прдложената одлука, дадениот предлог независно од тоа дали ќе бидат или нема да бидаст прифатени корекциите, амандманите, што ќе бидат понудени.

Се разбира ова е добра прилика да констатираме дека за жал нашата др жава доцни со овој предлог и тука вина има и во парламентарното мнозинство, меѓутоа и во Парламентарн ата позиција. Очиглендо дека Европската унија не беше дел од приоритетите на парламентарното мнозинство и затоа дури 14 месеци по формирањето на Владата се нуди овој предлог од една од владеачките парти. Меѓутоа, очигледно дека опозицијата недоволно добро ја вршеше својата корективна улога, па ваквиот предлог уште веднаш да го активира по добивањето на негативен извештај во ноември 2006 година. Значи, тука за мене и за мојата партија одговорноста е поделена и сите треба да извлечеме поука од тоа.

Во однос на самата содржина на текстот, националниот совет како што е тука предложен всушност е даден во еден така да кажам хрватски дизајн. Меѓутоа, според моето мислење или мислењето на ЛДП таков дизајн на советот не е соодветен за овие конкретни услови што ги имаме сега во Република Македонија.

Имено, постојат големи разлики за жал меѓу хрватскиот пат кон Европската унија и македонскиот пат кон Европската унија.

Овој совет во Хрватска беше формиран во функција на успешно спроведување на преговорите. Затоа, и во хрватскиот дизајн а и во македонскиот, очигледно, затоа што е во некои делови некритички преведен, од алинеите каде што се утврдува надлежноста, од 9 алинеи дури во 7 експлицидно се утврдуваат надлежности на Советот откако ќе почнат преговорите. Значи, тоа е клучната улога на националниот совет во хрватскиот дизајн. Тој да биде инструмент на брзи и успешни преговори, меѓутоа, од кога државата ќе добие датум за преговори.

Ние во Република Македонија за жал се соочуваме со сосема друга ситуација. Веќе две години по ред не добиваме датум за преговори, што значи дека ние имаме други посуштински, покрупни проблеми кои што претходат на надлежностите и мандатот што ќе треба да ги работи националниот совет за Европски интеграции.

Оттаму, бидејќи сеуште има време амандмански предлагачот да интервенира, иако со предложените неколку амандмани според мене е подобрен текстот, меѓутоа има уште простор да се подобруват, јас би замолил доколку сакаме овој совет да биде барем малку ефикасен и успешен неговите надлежности да бидат поделени барем во две глави.

До добивање датум за преговори, затоа што очигледно е дека со ова владеачко мнозинство тој процес ќе трае и трае и

Откога ќе добиеме датум за преговори каде што е апсолутно применлив хрватскиот модел. Значи, во делот на надлежностите овој модел што е тука копиран од хрватскиот случај е несоодветен за македонските услови.

Или ако така го изгласаме советот со овие надлежности тој ќе биде функционален во полна смисла на зборот дури откога ќе добиеме датум за преговори.

Меѓутоа, повторувам, македонскиот проблем е поинаков и поголем. Ние сме за жал сеуште многу далеку од датумот за преговори.

Оттаму имајќи ги предвид сите забелешки кои што се апсолутно на место дека ние не можеме сега креирајќи едно вакво тело тука да ситуираме многу уставни надлежности и да одземеме уставни надлежности од други органи кои што им се уставно зададени. Значи, тоа би бил погрешен пристап и апсолутно националниот совет не може да биде тело што ќе супституира уставни надлежности и уставни функции на други органи.

Точна е оценката дека се работи за советодавно тело и затоа при примената на хрватскиот модел, тука се гледа всушност и несоодветноста, функцијата, повторно мора да се вратиме на хрватскиот модел, главната цел е да има што

побрзи и што поуспешни преговори. Затоа и во седумте од девет алинеи се споменува текот на преговорите шефот на преговарачкиот тим итн. итн. Република Македонија за жал поради работата на ова владеачко мнозинство е уште многу далеку од тоа да има шеф на преговарачкиот тим. Тој се добива дури од кога ќе добиете датум за преговори.

Значи, мора господа предлагачки да го редизајнирате советот во надлежностите и јас тоа би сугерирал да го направите во членот 2 преку поделба на два дела. Значи, надлежности на Советот до добивање датум за преговори и надлежности на Советот по добивање датум за преговори, за кои што овие надлежности тука се сосема во ред и поставени онака како што треба да бидат во полна функција во процесот.

Инаку, блиску ни се сите укажувања што беа кажани тука. Залудни ќе бидат обидите, меѓутоа, се насетува дека преку креирање на оваа институција ќе направиме уште една алиби институција. Имено, институција која што ќе покаже дека е неефикасна, а вака како што се д ефинирани надлежностите тоа системски е позиционирана да го покаже, затоа што нејзините надлежности се позиционирани за оној период од кога ќе се добие датум за преговори и да му дадеме на премиерот уште еден аргумент да каже дека покрај Владата еве уште една неуспешна институција е формирана и не функционира, која што е патем и раководена од претставник од опозицијата.

Мислам дека таквиот пристап кој што за жал се на сетува е непродуктивен и е надвор од декларативните залагања. Значи, не треба да подлегнеме на искушенијата уште една алиби институција да формирана.

Инаку преку овој Совет, за жал ќе дојде до израз нашиот македонски проблем. А кој е македонскиот проблем, кој што гледано наназад може лесно да се детектира.

Кај нас почитувани колеги пратеници се е декларативно. За жал контра се работи од тоа што е декларирано. Имено, како поинаку би го објасниле фактот што на пример Република Македонија е една од ретките држави каде што нема ниту една анти европска партија, или барем партија со европскептична агенда. Во сите други држави го има тоа. Некаде со помала поддршка во избирачкото тело, некаде со поголема, меѓутоа Република Македонија е единствена држава каде што нема таква партија, а за жал најтешко ни одат приспособувањата кон Европската унија. Држави кои што имаа силна евроскептична опозиција или политички партии со силна евроскептична агенда поради решеноста на нивните влади многу побрзо и поуспешно доаѓаа до датумот за прговори. Значи, со формирањето на овој совет кој што е апсолутно потребен ние нема да го решиме нашиот главен проблем, што за жал се е декларативно, а практично работиме се контра од она што сите заеднички се декларираме. Само така може да биде објаснет аналитички овој навистина необјаснив феномен.

Држава каде што поддршката за Европската унија е близу 95%, држава каде што сите релевантни и помалку релевантни политички субјекти се апсолутно на Европската унија линијата, барем декларативно, меѓутоа во практиката веќе втора година добиваме за жал негативен извештај. Значи решението за овој класичен македонски проблем не е тука, во формирањето на националниот совет, иако јас се надевам дека овој чекор ќе биде чекор во посакуваната насока.

На крај дозволете ми уште еднаш да упатам на идеата што беше тука дадена, сепак претседателот на Владата да биде дел од ова тело, меѓутоа, сакам да кажам дека и доколку не биде прифатен овој предлог од парламентарното мнозинство ЛДП ќе се согласи и ќе ја гласа оваа одлука особено ако како претставник од опозиционите партии биде предложен господинот пратеник Мендух Тачи, затоа што можеби во советот ќе го немаме формалниот премиер, меѓутоа, ќе го имаме политичарот што може суштински да влијае на процесите. Благодарам.

**Иван Ан астасовски:** Ви благодарам колега.

Три минути реплика за пратеник господин Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Благодарам господине потпретседател.

Искрено речено господине Манасиевски јас не разбрав дефинитивно дали сте вие за, ќе ја поддржите или нема да ја поддржите. Рековте два пати дека е добро да имаме таков национален совет, меѓутоа дека е тоа алиби и институција. Значи го демантиравте практично првото што го тврдевте дека треба една таква институција.

Зарем нема да се согласите со мене дека сите овие години наназад како да сите практицираме алиби политика и дека ќе треба дефинитивно поинаку да размислуваме сите. Мислев дека е тоа токму овој првиот чекор. Прво, интонацијата, па ако сакате и реториката наша да ја приспособиме кон оваа наша цел. Да се средаточиме да напрвиме нешто корисно за да не биде алиби за ниту еден.

Второ, го наведовте примерот со Хрватска, се разбира со малку малициозна забелешка околу преводот дека Хрватска ја направи оваа институција откако доби датум за преговори. Не е точно. Хрватска ја направи оваа институција нешто повеќе од година дена пред да го добие датумот за преговори и како резултат на ангажман на националиот совет после тоа доби датум за преговори.

Главната цел што е. Да се подготви земјата за водење на преговори. Ако ни е крајната цел да добиеме датум, да се подготвиме за преговори, да подготвиме преговарач, заменици, тим итн., тогаш логично е дека акцентот треба да биде ставен на преговорите. Да уиграме еден тим кој

не треба да се менува, а нема да се менува ако ние повеќе ги доближиме ставовите опозиција позиција и кажеме настрана ќе ставиме се одсега нашиот главен интерес и главна задача ќе ни биде Република Македонија и нејзината иднина. Тоа е желбата, обидот ако можеме да направиме национален консензус околу оваа идеа. Никаде н е стои дека е тоа совршено, примаме и секакви сугетии, амандмани, мислам дека конечно ќе се договориме ако имаме политичка волја. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеник госпо дин Јован Манасиевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам.

Јас два пати го соопштив нашиот став. Ние ќе ја поддржиме оваа одлука, меѓутоа, ме изненадува ставот на господинот Петковски, тој е на мислење дека одлуката е совршена. Нашите предлози беа мнмогу конструктивни. Македонија во овој момент има многу поголем проблем да дојде до датумот за преговори затоа што е констатирано во извештајот регрес во развојот. Од таму ако веќе сакаме да го ставиме овој Национален совет во полна функција, треба барем од деветте алинеи што се дадени, седум кои се однесуваат на периодот откако ќе се почне со преговорите, бидејќи нашите проблеми се во овој дел пред почетокот на преговорите, барем со уште некоја алинеја да го обогатите тој дел од процесот. Инаку ние носиме Национален совет кој ќе треба реално, функционално да почне да работи во догледно време, откако ќе добиеме датум за преговори. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеник Ружди Матоши, повелете.

**Рижди Матоши:** Господине потпретседател, не сакав да му реплицирам на господинот, но и покрај тоа ме наведе господинот Манасијевски да му реплицирам.

Господинот Манасијевски е како птица во зима, останува без храна и пее, немоќен е и лесно може да се фати. Тој со таа политика е доста бајатен и со своите тези. Неговите тези немаат ефект. Сосема е деструктивен.

Јас лично сакам да му кажам дека треба да има добар политички пат, бидејќи со тој вокабулар и неговиот начин на однесување ќе го изгуби своето гласачко тело, а можеби и воопшто нема гласачко тело. Ќе ја изгуби и честа и можноста за да се искаже во политиката и да прави добри дела, ако има таква намера. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Една минута контра реплика за пратеникот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам на грижата што ја покажува господинот Матоши, се надевам дека е искрена, пред се колегијална. Јас не сфатив точно што реплицираше, бидејќи имав доста конструктивни идеи, а верувам дека со идејата ДПА најреално да придонесе во овој процес, да го кандидира таму токму својот пратеник и претседател господинот Тачи, дека апсолутно дадов еден конструктивен предлог, предлог кој ќе го обезбеди најквалитетниот ваш пратеник и се разбира претседател на вашата партија, предлог кој истовремено е со капацитет да го супституира отсуството на премиерот. Така што, мислам дека овој предлог повеќе треба да биде сфатен како комплимент од страна на ДПА.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Има збор пратеник господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Ќе зборувам кратко, со оглед дека сум последен за дискусија, сега за сега, сакам јасно да го кажам мојот став.

Јас мислам дека оваа одлука ни треба, меѓутоа како што е предложена апсолутно ни е непотребна и ислишна, мислам дека е само дополнително администрирање и бирократизирање кое ќе заврши после две седници на Комисијата, неуспешно и ќе се претвори во 23-та перманентна комисија на Парламентот од која нема да има никаква корист.Зошто тоа го мислам?

Сите ние сметаме дека европското приближување на Македонија, или поконкретно патот на Македонија до Европската унија ни е прв приоритет. Меѓутоа, јас лично мислам дека Владата со тоа не се согласува, навистина ми е жал дека е така. Владата на Република Македонија во овие година ипол колку што помина, очигледно дека нема приоритет број 1 приближување до Европската унија. Таа тоа само го зборува затоа што е приклештена од Европа, од јавноста и од оние кои тоа го очекуваат, меѓутоа мислам дека таа работи единствено на тоа да го добие вториот мандат. Тоа е единствен приоритет на оваа Влада и ништо повеќе. Ако Европската унија се најде на тој пат во ред. Ако не се најде, не е нужна. Мислам дека Европската унија не се наоѓа на патот на вториот мандат на оваа Влада затоа што бара некои реформи со кои таа Влада не сака да се согласи и таа е ставена на страна. Тоа го прават од што мораат да го прават. Тој импулс во Владата во Парламентот само се пренесува.

Со оглед дека тука има разни дебати околу тоа дали приоритетот на нашиот Парламент и на Владата е Европската унија, после сериозен негативен извештај од Европската унија кој е прв пат во историјата на Европската унија, освен за Турција, е по втор пат, нема друга држава, тоа сите го знаеме, која два пати по ред добила негативен извештај откако станала кандидат, што значи дека ние ја пишуваме негативната страна на Европската унија во овој момент.

Еве го, потпретсдателе и почитувани пратеници денвниот ред по кој денеска ние работиме, 26 точки на дневен ред од кои само две имаат европско знаменце. Минатите три дена на кои

седници јас не присуствував затоа што бев на службен пат со некои од колегите овде, се работеше исто така на закони кои немаат европско знаменце. До Европската унија така нема да стигнеме. Можеби до вториот мандат ќе стигне оваа Влада, меѓутоа до Европската унија сигурно нема да стигне, а со тоа ќе се покајат и оние кои ја поддржуваат Владата така да работи.

Второ што сакам да кажам е дека приближувањето до Европската унија не е техничко прашање, како што го третира овој документ кој е поднесен од група пратеници во кој се натпреваруваме дали ќе имало 4 од опозицијата и 4 од власта пратеници или 3+4 и тн., дали ќе имало обврски вакви или такви, сега да не ги читам, напишани се во документот. Приближувањето кон Европската унија е многу сериозно прашање и е топ политичко прашање. Се додека ние го третираме на техничко ниво, мислам дека само се залажуваме односно си создаваме уште едно алиби, демек еве ние се трудиме нешто.

Инаку, потпретседателе, почитувани предлагачи, јас радикално не се согласувам со ваквата одлука, значи радикално не се согласувам, сметам дека, ќе повторам, таа е целосно непотребна. Нас за приближување во Еврпската унија ни е потребно решавање на сериозни прашања, грото од нив политички но и економски, за кои ние не можеме да донесеме никаква одлука во нашата држава. Да не ги споменувам, тие се наведени таму каде што оваа одлука адресира, кон извештајот на Европската унија. Потребен ни е дијалог помеѓу институциите, за жал, бидејќи и тоа е наведено, мислам на извршната власт, претседател-Влада, дијалог опозиција власт во Парламентот, вон Парламентот и тн. Ние немаме никаков консензус околу сегментите на Јавното обвинителство, немаме напредок во судството, се бара спроведување на мајскиот договор, се бара спроведување на Рамковниот договор, се бара спречување на корупцијата, се бара развој на економијата и тн., да не наведувам се што е таму наведено и јас сега и себе си и вас ве прашувам, зарем мислите дека телото во кое членуваат 4 пратеници од власта и од опозицијата, засилено се претставници на кабинетите на претседателите на државата и на премиерот и со по некој министер и претставник на МАНУ, стопански комори и невладини организации, тоа ќе го реши? Зарем некој има илузија дека тоа ќе го реши? Нема ништо да реши, затоа што тие прашања не се решаваат со такво тело. Затоа предлагам, тоа што е невозможно да се направи во овој Парламент, меѓутоа сакам да си имам чиста совест и да кажам, ако сакаме да имаме координативно тело или национално тело или крстете го како сакате, за побрз влез во Европската унија, ние треба да формираме тело во кое ќе бидат претставени трите лидери на опозиционите партии, трите лидери на владеачките партии во овој Парламент, претседателот на Владата, претседателот на Парламентот, двајца или тројца клучни министри за евроинтегрирање, претседателот на државата, претседателот на МАНУ и тука да се стави точка. Како мислите да го решиме проблемот со обвинителство, со 4 пратеници од двете страни и со претставник од МАНУ и на Кабинетот на премиерот? Како мислите да ги решиме прашањата, да не ги повторувам, тие се тие. Таму треба сериозно дело кое ќе утврди динамика на работа, кое кога ќе се договори што треба да се донесе за наредните 4 недели или месеци, во Парламентот, треба да се донесе, како да се донесе, со кој приоритет. Ова тело сте го ставиле да работи јавно. Нека не се налути никој во јавноста, клучните политички договори, разговори и динамика не се случуваат пред очите на јавноста, договарањето не се случува пред очите на јавноста затоа што секој треба да прави компромиси, не треба да стои дека е задолжително присуството на јавноста, тоа тело треба да работи на затворени седници и тн.

Не сум сигурен воопшто дека овие проблеми ќе бидат решени затоа имам огромна скепса во врска со предлогот, со амандмираниот предлог од страна на предлагачите кои сега ги добивме, па дури и со амандманите кои се предложени од пратеници во ова Собрание. Сите тие практично со чеканот маваат во истата шајка која е ставена на таблата. Проблемот е шајката да се заборави и да се удри на некое друго место на таблата, таму каде што кажав треба да се соберат топ менаџментот на политички и институционални, на оваа држава и да прават договори. Инаку не знам дали ќе стигнеме таму каде што сме тргнале.

Сите го добивме и ја добиваме редовно сите, како парламентарци во Европа, оваа книга која се нарекува европскиот свет или светот на Европа. Има една интересна одредница овде која вели, единствениот политички журнал кој е широко европски или транс европски, единствениот кој е транс европски политички журнал и во него се пишува за медитеранската соработка за Источна Европа, за Централна Европа, за старата европа, за новата Европа, за Југоисточен балкан, за Северен, за Западен, за сите видови на Балкан, за ксенофобијата, за растот, за проблемите на Европската унија и се на 230 страници. Одвоив време колку што треба, страна по страна да проверам дали има нешто за нас во овој европски свет на кој сега датата му е број 7, есен 2007. Не има само на едно место. Не има во статијата за Косово со реченицата “ризикот на насилство и заканата дека кризата ќе се претвори во регионална, преку инволвирање на Албанците од Македонија, Црна Гора, Албанија и Србија, е проблем”. Тоа е единственото наше спомнување во оваа книга. Ние нема да го решиме проблемот со овие тела.

Предлагам да се повлече оваа одлука, иако мојата партија има поинаков став, јас ќе го почитувам тој став и ќе го поддржам затоа што сум член на таа пратеничка група и во демократијата само мнозинството може да одлучува. Меѓутоа сите ве уверувам дека со 4

парламентарци како мене, без инволвирање на топ личностите од оваа политичка сцена и од овие државни органи, ништо нема да направиме и дека ни треба сосема поинаку да размислуваме ако сакаме да напредуваме во Европската унија. Ако сакаме да си играме самите себе си некакви евро интегрирачи овде, мислам дека работата ќе ја промашиме 100%. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Поповски.

За збор како предлагач се јавува господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

Почитувам сечиј предлог, легитимен е, меѓутоа ќе кажам дека не се согласувам а ќе кажам зошто не се согласувам. Не се согласувам заради тоа што во континуитет во Република Македонија беше од политичките партии, по потпишувањето на оваа изјава, говорено дека е тоа добра идеја. Добра идеја апсолвираше и претходната Влада и во континуитет говориме дека има потреба, 2005, 2006, еве пак ние сега ја ревитализираме таа добра идеја и таа е резултат на една политичка волја на 14 политички партии.

Мислам, предлогот да не се донесе таква одлука, не само што се темели на ова што до сега сме го направиле, туку да се направи некое квази тело во државата не е во ред. Не е во ред од едноставна причина што Република Македонија гради систем на парламентарна демократија, а не гради систем на авторитарно водење и мислам дека наликува на суспензија на институциите на државата, ако распуштиме се и кажеме дека според оваа одлука само четворица луѓе во државата, дополнето со оние кои ги предложи господинот Поповски, ќе одлучуваат за европската иднина на Република Македонија. Парламентот е, условно речено, според Уставот, малку поважно тело од другите институции. Тука се бијат битките, тука се прават политички договори, тука се губат и се добиваат политички битки. Како претставници на граѓаните на Република Македонија не смееме да се потценуваме. Ние во нивно име сме овде и за нивно добро треба да проектираме политички одлуки тука. Затоа сметам дека можат сите други институции што се спомнати да дадат легитимитет на една таква институција, како што е, еве Советот, го институционализирам, како што е Националниот совет за евроинтеграции, да му дадат капацитет, да му дадат, јас би рекол, призвук и боја на едно тело кое ги обединува сите национални интереси за европска интеграција, меѓутоа никако да ги суспендираме Владата, Парламентот и се разбира другите институции. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Петквоски.

Реплика има господинот Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Господине Петковски, ако внимателно ме слушавте, јас мислам дека сме блиску да се усогласиме со тоа што јас го реков, а не со тоа што вие го рековте. Јас не предлагам никој да се суспендира. Јас мислам дека вие со одлуката предлагате да ја суспендираме парламентарната демократија. Разликата меѓу мене и вас е што јас предлагам на чело на претставувањето на власта и опозицијата во Парламентот да бидат пратениците кои се лидери на партијата, Шекеринска, Ахмети, Манасијевски, Петковски, Тачи и Груевски. Што е суспензија? Значи јас кажувам, наместо 4+4 пратеници да бидат 3+3 пратеници кои се лидери на партијата. Наместо претставник на Кабинетот на Груевски, да биде Груевски. Наместо претставник на МАНУ да биде претседателот на МАНУ. Наместо претставник на Кабинетот на Претседателот на државата, претседател на државата. Токму демократијата е тоа. Легитимно избраните претставници во овој Парламент и во институциите, легитимно да можат да се претставуваат. Инаку што, ќе ме ставите мене и на секои пет минути ќе треба да излегувам и да се консултирам со Шекеринска. Ќе го ставите вие Зашов, тој ќе треба со вас да се консултира. Во ВМРО тоа по пет пати на ден ќе треба да се консултираат, не по еднаш. Значи ставете ги луѓето од кои извира легитимитетот на партијата. Тоа е токму тоа што се бара. Министрите во Владата се со полн уставен легитимитет и тие треба исто така, двајца, тројца најбитни за евроинтеграцијата, според обемот на работата, таа што е задолжена за евроинтеграциите, Министерството за правда, за финансии и не знам уште кои се таму, според обемот на работата веројатно МВР. Токму тоа го предлагам, само вие го спуштате нивото на претставувањето многу ниско и затоа сметам ние ќе трчаме во место. Инаку во се се согласувам со вас. Вие го употребувате зборот вонинституционално да се обидеме. Не вонинституционално, напротив најинституционално што може. Шекеринска има поголем легитимитет од мене затоа што е шеф на мојата партија која ние овде ја претставуваме. Вие овде имате поголем легитимитет од другите и тн.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Сега преминуваме на репликите кон говорот на господинот Никола Поповски. Пријавени се госпоѓа Владанка Авировиќ и господинот Павле Трајанов.

Три минути реплика за госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам господине потпретседателе.

Мојата реплика е во следново:

Имам впечаток како во сите говори од опозицијата, вклучително и на господинот Поповски дека бараат алиби ако овој Национален совет не успее. Значи бараат алиби одговорноста сепак да се прелоцира во позицијата.

Што се однесува до тоа да се направи некое тело од лидерите, ние тоа и до сега го имавме, меѓутоа до пред половина час или час време, вие

не го слушавте можеби вашиот шеф на партијата, госпоѓата Шекеринска каде таа има сосема спротивно мислење од вашето. Таа рече дека не може да има легитимитет состанувањето во Клубот на пратениците на лидерите на партиите и дека тука треба да почнеме да работиме. Значи ако тоа го кажа вашиот шеф на партијата, вие имате спротивен став од она што го кажува вашиот шеф, јас го почитувам, меѓутоа не е во ред затоа што редно е и во Парламентот да ја сносиме целата одговорност. До колку пак вие мислите дека само Владата или ние пратениците кои во моментот сме во позиција, ја имаме целата одговорност да се донесе ваков или онаков извештај, се лажете. Одговорноста ја делиме. И вие имате одговорност во однос на тоа што се пишува во извештајот, господине Поповски. Затоа мислам дека е добро да се направи овој Национален совет, добро е да се подигне одговорноста кај нас пратениците, добро е да не се криеме и едноствно со овој Национален совет мислам дека ќе се подобри квалитетот на работата на Собранието во донесувањето на одлуките.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Авировиќ.

Контра реплика има господинот Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Не знам како на мојата реплика дозволивте реплика, меѓутоа кога веќе ја дозволивте, сега ќе ми дадете контра реплика.

Госпоѓо Авировиќ, јас имвав одговорност малку поголема од пратеник во изминатите 4 години кога бев претседател на Собранието и министер за финансии. Од држава на работ на пропаста ја доведов до земја кандидат. Тогаш вие немавте одговорност зошто бевте во опозиција и се спротиставувавте на сето тоа. На децентрализацијата, на Рамковниот договор, на се. Сега работите се поинакви, Сега вие имате одговорност, јас имам помалку зошто сум пратеник во опозицијата. Меѓутоа, со вашата одговорност ништо не ми користи кога ме тапкате во место и со вакви некои сулуди идеи што ги изјавувате овде. Сулуди идеи што ги изјавувате практично ме плашите дека тоа влијае на власта како помал коалиционен партнер. Вие всушност сте закачиле уште една јадица да ја влечете надоле оваа власт која и самата и така пропаѓа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Поповски.

Реплика има господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Еве, само накусо.

Значи, се сложувам господине Никола Поповски дека се работи за процес за да ги достигнеме стандардите на Европската унија, процес во кој што учествуваат сите граѓани и мислам дека одговорноста сигурно дека е голема пред се на Владата, но исто така и на политичките елити е огромна поготово ако не се подготвени да работат на исполнување на ЕВРО-стандардите.

Натаму, дали Република Македонија има дијалог или конфротација. Јас мислам дека има и едно и друго. Има и дијалог, но има и конфротација, но за кавга или за расправии се потребни двајца. Еве само да ви посочам два примера да видите дека не е се одговорноста не може да се препише на другата страна на Владата, дека е на претседателот на државата.

За време на посетата на, уште не беше завршена. на Викторија Нулан, даде изјава дека Република Македонија е на трето место по исполнување на условите за прием во НАТО. Мислите дека е таа добронамерна изјава во интерес на нашите стратешки НАТО интереси или пак е таа изјава дадена само да се предизвика расправа. Еве и вчера и завчера имаше, вели Владата предложила разрешување на амбасадори без доволна аргументација. Тоа можеше да го направи со допис или со непосреден разговор без тоа да го презентира во јавноста доколку сака работата да биде завршена на начин на кој доликува во секоја друга држава, а да не се отвора расправа за тие прашања.

И натаму еве, уште еден пример да ви кажам за како ние разговараме.

Вчера одржавте прес-конференција СДСМ, која исто така не беше во функција да се симне топката туку напротив да се отвори повторна расправа, повторна конфротација, непосредно пред битните обврски за кои што и вие декларативно тврдирте дека мораме да ги завршиме ако не друго барем како Парламент тој дел од обврските да ги завршиме што е можно побрзо и поуспешно. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Трајанов.

Господине Поповски, повелете една минута за контрареплика.

**Никола Поповски:** Господине Трајанов, јас навистина не ве разбирам. Прво, ако имате нешто да си кажете со претседателот на државата еден кат над оваа сала е можете да одите да му кажете не знам зошто мене ми кажувате. Меѓутоа, мислам дека не смеете да одите зошто не признавате дека е претседател на држава. Имате проблем.

Второ, не знам што вие очекувате од СДСМ, да ви аплаудира на фактот дека две години сте укопани со калта со Европската унија, да држи прес-конференција на која ќе ги фали Никола Груевски, Павле Трајанов за исклучителните дострели во евро политиката, втор негативен извештај по ред, не знам што очекувате. Јас ви гарантирам уште да не е СДСМ да ви трие сол над главата секој ден за европското прашање на начинот на кој вие сте тргнале вие ќе ја заборавите Европската унија, зошто уште еден на Балканот се обиде на тој начин, господинот Слободан Милошевиќ и заврши таму каде што заврши Србија, не тој. Сега се бори да потпише спогодба за асоцијација и стабилизација да парафира. Ја парафира, да потпише. Значи, вие

треба да сте среќни што има некој што постојано на негативните работи ве потсеќа, не знам што очекувате, некаква тоталитарна свест, да ве фалиме. Не знам.

**Бесим Догани:** Во меѓувреме пратениците Радмила Шекеринска, Јани Макрадули, Јован Манасиевски, Сафет Незири, Весна Бендевска, Влатко Серафимов, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Владо Бучковски и Игор Ивановски поднесоа амандмани на член 2 алинеја 8 за менување на член 3 и на член 8 по кои предлагачите не се произнеле.

Отворам претрес по амандманот на член 2 алинеја 8 поднесен од пратениците Радмила Шекеринска, Јани Макрадули, Јован Манасиевски, Сафет Незири, Весна Бендевска, Влатко Серафимов, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Владо Бучковски и Игор Ивановски.

Молам, еден од предлагачите да се произнесе.

Има збор господинот Благој Зашов, повелете.

**Благој Зашов:** Благодарам потпретседателе.

Би сакал да кажам како предлагачи не можеме да го прифатиме овој амандман од овие причини.

Кога го дававме предлогот за формирање на Националниот совет појдовме од фактот дека тоа ќе биде тело од национален предзнак во смисла на тело на државно ниво и затоа е најлогично да биде во рамките на Собранието на Република Македонија. Исто така појдовме од претпоставката дека тоа е тело во кое ќе учествува извршната власт во смисла на Владата и на претседателот на државата. Меѓутоа, мислиме дека...

Се извинувам, кој амандман го предложивте?

**Бесим Догани:** Господине Зашов уште еднаш ќе повторам, бидејќи говорите по друг амандман.

Амандман на член 2 алинеја 8.

**Благој Зашов:** Пратеничката група односно предлагачите го прифаќаат амандманот.

**Бесим Догани:** Вака гласи амандманот: Во членот 2 алинеја 8 зборовите “со заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за евроинтеграција како и со” се бришат.

**Благој Зашов:** Го прифаќаме овој амандман.

**Бесим Догани:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел од Предлогот на одлуката.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3, поднесен од пратениците Радмила Шекеринска, Јани Макрадули, Јован Манасиевски, Сафет Незири, Весна Бендевска, Влатко Серафимов, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Владо Бучковски и Игор Ивановски.

Молам, еден од предлагачите да се произнесе.

Има збор господинот Благој Зашов, повелете.

**Благој Зашов:** Еве, јас ќе образложам кој е ставот на пратеничката група во поглед на овој амандман.

Имено, и предмалку реков дека Националниот совет за евроинтеграции треба да биде составен и од пратеници и од други учесници во евроинтеграцијата на Република Македонија при тоа да се направи строга поделба меѓу законодавната и извршната власт. Оттука мислиме дека претседателот на Владата на Република Македонија не би требало да биде член на овој Национален совет, туку тој да биде покануван на работата на Националниот совет тогаш кога Националниот совет ќе оцени дека има потреба или ако се даде некоја иницијатива од работни тела на Собранието или од самото Собрание. Исто така, во работата на Националниот совет прифаќаме да се фклучи претставник на Владата на Република Македонија во смисла на заменикот претседател на Владата, задолжен за евроинтеграции, во ставот 2 од членот 3 при што тој задложително би присуствувал на работата на Националниот совет, со тоа што не би имал право на глас.

Во координацијата што ја имавме во текот на овој ден прифативме неколку сугестии од опозицијата во смисла на отстапки на нашиот предлог со тоа што тие отстапки ги формулиравме во амандманите што ги дадовме, пред малку што ги поделивме. Затоа мислиме дека Предлог одлуката со овие амандмани е подобрена, дека одговара на потребите на Собранието и на нашата држава во оваа фаза на развојот на односите на Република Македонија со Европската унија и оттука како предлагачи предлагаме да не се прифати овој амандман на опозицијата, а да останеме на овие амандмани што ние ги предложивме како пратеничка група. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Предлагачот не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Ќе се обидам на кратко уште еднаш, можеби ќе ги пофторам дискусиите што беа кажани од пратениците при што ќе изразам прво задоволство што потпишани се и од пратеници на ЛДП и од коалицијата ДУИ-ПДП.

Мислам дека самата дискусија денеска води, конвергира кон прифаќање на овој амандман бидејќи претседателот на Владата беше посочен како еден од клучните играчи кои што ја сносат како одговорноста, но и е главен носител на голем број од активностите.

Имено, многу пати неговата екселенција господинот Фуере бара или укажува дека го цитирам: најдобра гаранција дека ќе се успее во тоа е духот на консензусот ако преовлада. Затоа сметаме дека духот на консензусот најлесно ќе го спроведиме доколку претседателот на најголемата партија на власта ВМРО-ДПМНЕ биде присутен во тој совет, плус што во исто време тој е претседател на Владата на Република Македонија. Она што за жал, и денеска Собранието не можеше да го одмине е тоа да самите пратеници од парламентарното

мнозинство, самите си наметнуваат товар што не е реален. Затоа на вчерашната прес-конференција СДСМ се обиде она што не го направи досега ниедна политичка партија да направи или Владата се уште нема таков сигнал, или немала таква седница, барем не сме виделе ниту на телевизија, ниту портпаролот не излегол со некоја анализа да укажеме дека 583 активности кои што се со пробиен рок или не се завршени 92% активности се задача на Владата. Значи, ниту опозицијата, ниту пак верувам некој пратеник од опозицијата ги промени луѓето во Секторот за европски интеграции, не учествуваше во партизацијата во јавната администрација, ниту во вработувањето, ниту пак во подзаконските акти во Министерството за внатрешни работи, или пак назначувањето на командирите на полициските, задачи на Министерството за правда беше да се донесе измените на законот за судскиот буџет, задача на Министерството за правда беше да обезбеди услови нормални во судиите на управните судови да не лутаат по просториите и да бараат каде треба да се најдат, не е задача на Собранието или не е криво Собранието со тоа што министерот за транспорт и врски требало во јуни месец да го доврши Законот за јавни патишта, го нема, или пак на 1 јули што трабало да биде Законот за сточарство предложен од министерот за земјоделие, а тој се уште го нема.

92% од активностите што фалат е вина на Владата. Најодговорен за тоа, се разбира е премиерот Груевски. Тој ја добил на избори сосема легитимно ја добил довербата да ја води државата во период од 4 години и има одговорност за водење на таа држава и има одговорност да понуди решенија. Владата располага со буџетски средства кои се собираат од парите на граѓаните и тој мора, по природа одговара пред граѓаните на Република Македонија. Бројките апсолутно не се на страната на Владата. Од друга страна, Собранието во ниту еден момент не излезе со амбициозна агенда пред господинот Оли Рен, во единствената посета што премиерот груевски ја имал надвор од земјава и таа е посета по функција, самиот да се обврсе да ги исполни обврските до крајот на јули, па потоа до септември и сега до декември, а сето тоа да се калеми како проблем на Собранието. Не, 32 закони кои што се со пробиени рокови нема ни буква напишано од страна на министерствата. Не знам зошто имаат мазохистичка потреба парламентарното мнозинство да си го наметнува како товар тоа нешто што во институциите министрите не си ја завршиле својата работа. Зошто самите да се казнуваме или самите да имаме еден таков пристап дека ние сме криви, а за 32 воопшто нема буква запишано од страна на Владата. Нема потреба Собранието да превзема нешто што не е виновно за тоа.

Господинот Трајко Славески требал во мај 2007 ветил дека ќе направи закон за Народна банка и зошто е тука криво парламентарното мнозинство, Собранието или пак опозицијата. Затоа, бидејќи поголемиот број од активности кои што не се завршени, а и ако ја гледаме структурата на активности што се задача на Република Македонија како држава повеќето се активности кои зависат од Владата сосема природно е да биде и претседателот на Владата дел од тој Национален совет. Од друга страна мешањето меѓу извршната и парламентарната власт ако го гледаме така формално едноставно сме го направиле со учеството со заменик претседателот на Владата одговорен за евроинтеграции. Значи, веќе сме ја измешале парламентарнат и извршната власт. Но она што мене и цело време се обидувам јас да наметнеме една слика дека ова е совет на Република Македонија, ова не е парламентарно тело, ова е тело во кое што ќе конвергираат или ќе ги апсорбираат сите мислења, како на невладините огранизации, како на синдикатот здружението на новинари, академската јавност итн, итн, и затоа не можеме да зборуваме толку едноставно за чисто собраниско тело. И сосема е природно како носител, најодговорен од сите, бидејќи добил мандат од граѓаните, претседателот на Владата да биде дел од овој Национален совет и се надевам дека сепак Собранието ќе се извлече од таа, реков, самата пресија што си ја наметна дека е виновна за се, а претседателот на Владата идеален и тој е безгрешен и ќе гласа за сосема една природна работа да биде и претседателот на Владата член на ова тело. На знам, можеби ќе се повторам, би сакал во интерес на јавноста да кажам дека за разлика она што го зборуваше господинот Манасијевски, поголемиот дел од задачите што за овој совет се однесуваат за делот на процесот на преговарање, затоа во Националниот совет во Хрватска членуваат сите министри, значи повторувам сите министри. Не знам тие дали имаат толку многу министри без ресор, но членуваат во тој совет сите и никој не го поставува прашањето дали има мешање на парламентарната и извршата власт, бидејќи тој совет треба да го отсликува и процесот на преговори што во најголем дел се прави од страна на министрите задолжени по одредени ресори. Затоа се надевам дека не само што ќе се лоцира, ја знаеме одговорноста за овој втор негативен извештај, чија е, не треба тука да влечеме поени, но мислам дека поголема ефикасност, беше кажано од многу пратеници и поголема одговорност ќе има овој совет доколку во него е и претседателот на Владата.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господин Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе.

Практично со овој амандман ние покажуваме една мала разлика која што ја имаме со опозицијата и би сакал да го појаснам нашиот став. Еве, заради јавноста ќе кажа.

Амандманот вели, членот 3 се менува и гласи - Советот има 17 членови и тоа четири члена од редот на пратениците кои се во опозиција, четири членови од редот на пратениците кои се во позиција, претседателот на Владата на Република Македонија, претседателот на Комисијата за европски парашања, претседателот на Комисијат за надворешна политика и копретседателот на мешовитиот парламентарен комитет на Европската унија во Република Македонија. Значи од овие 17 наведени члена, 16 се пратеници и еден е вршител на функција кој го избира овој Парламент, а тоа е премиерот. Тука имаме една суштинска разлика, не заради тоа што барањето е премиерот да учествува во работата на советот. Тука нема поголем проблем. Значи, секогаш кога ќе се почуствува потреба премиерот да биде поканет и да учествува во работата затоа што ова Собрание може да ги покани сите што ги избира, вклучително и премиерот.

Значи не е проблем Собранието да ги повикува луѓето кои што ги избира да присуствуваат на работните тела на Собранието, да реферираат за својата работа и т.н. и т.н. Но има еден суштински, јас би рекол и концепциски проблем, концепциска разлика која што ја имаме со опозицијата. Јас го споменав тоа и претходно кога говорев, значи нашата цел е да создадеме собраниско, парламентарно тело кое што ќе ја води целата оваа работа, а очигледно целта на опозицијата е да направи едно суп тело кое што би се наоѓало над Парламентот и над Владата. Како концепт може да се разгледува, но има неколку пробелми.

Прво,има теоретски проблем односно има проблем со класичната поделба на власта. Ние практично во ова тело ќе ја измешаме законодавната и извршната власт, што е проблем.

Вториот проблем е до колку дадеме право на глас на премиерот и на заменик премиерот, или на министер повторно ќе го направиме истиот проблем заради тоа што практично ќе се доведеме во ситуација да гласаат во едно тело луѓе кои што тоа не можат да го прават. Тоа малку може да заличи на едни поинакви системи каде што извршната и законодавната власт беа споени. Македонија нема таков политички систем. Во Англија не е така, министрите се членови на Парламентот, исто така и премиерот и се прават такви комбинации, но кај нас не е така. Тоа се неспоиви функции, така да со самото поминување во извршната власт не можете да бидете законодавна власт, токму заради тој систем на контрола.

Образложението е многу едноставно, има теоретска база зошто амандманот е неприфатлив, а политичкиот дел зошто амандманот е неприфатлив, токму заради овој момент, заради тоа што сметаме дека телото треба да е на ова Собрание и практично како собраниско тело да ги завршува работите, а не да е некое суп тело, заради тоа што ако го направиме тоа , во тој случај ако создадеме тело кое што ќе биде задолжено за евроинтеграциите, во кое што ќе членуваат парламентарци, членови на Влада, можеме да го прошириме, Претседателот на државата, уставни судии и т.н. и т.н. Ние практично властите ги спојуваме, институциите ги спојуваме во едно тело и ги дерогираме легалните институции на власта од одлучувањето кое што природно го влечат од Уставот. Така што јас и не сум многу сигурен колку ова би било во согласност со Уставот до колку се изгласа вака, заради тоа што тогаш се отвораат прашањата која е улогата на Парламентот во евроинтеграциите, која е улогата на Владата во евроинтеграциите до колку имаме тело кое што се наоѓа над сите и кое што вака зајакнато практично ќе ги дерогира нив како институции.

Така што ако една од забелешките на Европската унија е да ги јакнеме институциите, мислам дека на овој начин нема да ги јакнеме, туку напротив ќе создадеме уште едно адхок тело и мислам дека имаме доволно адхок тела во државава, имаме лидерски средби кои што никаде ги нема во Уставот, имаме неформалнии средби кои што никаде ги нема во Уставот, и со создавањето на уште едно вакво тело мислам дека ќе се направи сериозен проблем на целиот политички систем. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути за реплика пратеник Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Дискусијата на господин Николовски е јасна потврда дека не сваќаме за какво тело станува збор. За жал не зборуваме за чисто Собраниско тело.

Инаку, му укажувам да ја прочита одлуката, не знам дали ја прочитал или амандманите во кои што во Советот членува заменик претседателот одговорен за евроинтеграциите. Тоа не е мешање на извршната со законодавната власт, бидјеки е заменик претседател, не е Груевски. А бидејки е Груевски работата тогаш е проблем. Затоа не можам да сватам како како аргумент да се гледа дека учествува претставник на Кабинетот на претседателот на Владата, учествува заменик претседателот на Владата и тоа не е мешање, ама учествува Груевски, тогаш иамме проблем затоа што тој не смее да учествува никаде. Тој треба само да оди напред на бел коњ и затоа стигнавме на ова дереџе на кое што сме сега. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика за пратеник господин Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Очигледно или не ме прател на почетокот на дискусијата, или не сме се разбрале. Јас не би сакал на тоа ниво на кое што говореше да ја спуштам дискусијата, јас објаснив зошто е неприфатливо и ќе повторам.

Не е проблем и премиерот и заменик премиерот и министрите да бидат членови на ова тело и да доаѓаат, но не смеат да имаат право на глас.

Амандманот кој што вие го прочитавте во последната реченица вели: “овие членови учествуваат во работата на Советот без право на одлучување”.

Кажав уште една работа додека говорев, а тоа е дека ние како Собрание имаме право да ги повикаме на нашите работни тела, на пленарни седници секогаш кога ќе почувствуваме потреба за тоа сите оние кои што сме ги избрале, од премиер наваму. Така што нема проблем да учествува, но ќе има сериозен проблем до колку има право на глас, заради тоа што ќе има мешање на двете власти, на извршната и на законодавната. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа по амандманот.

Има збор пратеник господин Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам, господине потпретседателе.

Јас внимателно го сослушав претставникот, или нашиот колега Александар Николовски од ВМРО-ДПМНЕ и врз основа на сугестиите и забелешките кои ги има мислам дека нема потреба да се плаши, овде не доаѓа до израз мешањето на извршната власт и законодавната власт односно како што е Националниот совет кој се чека да се формира. Кога ќе се замислиме подлабоко идеата на колегата Никола Поповски да се формира еден Национален совет за интеграција на Република Македонија во НАТО структурите беше можеби доста прифатливо, но можеби е еден пропуст со кој не се интервенираше со амандмани. Национален совет за интеграција на Република Македонија во Европската унија да има поголема политичка тежина и поголема државна тежина во однос на државата и граѓаните на Република Македонија.

Но од друга страна мислам дека колку има можности би било добро претседателот на Владата, бидјеки овој Нациоанлен совет не значи дека е функционер само во рамките на овој парламентарен состав, туку може да функционир аи во идниот парламентарен состав, а не се знае кој ќе биде иден премиер. Но, како и да е функцијата на премиерот да биде во Националниот совет ќе има поголема тежина самиот Совет, непосредно премиерот ќе се информира за текот, сугестиите, забелешките, за новите идеи и за понатамошната работа на интегрирачкиот процес на Република Македонија. За да се приклучиме кон големото европско семејство и нормално кога ќе учествуваат претставници од повеќе институции од Република Македонија ќе има поголема тежина, бидјеки самиот премиер ќе ги воведе сите забелешки во извршната власт и ќе има погоелма тежина во овој Совет, бидејки Владата ги спроведува во пракса и мислењата и ставовите и на овој Национален совет за евроинтеграции.

Затоа ние сме да се прифати овој амандман, но без оглед како ќе помине амандманот ставот на нашата парламентарна група е јасен. Ние ќе поддржиме еден ваков орган, како што е Националниот совет за евроинтеграции. Благодрам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Дали пратеникот Благој Зашов како предлагач има предност повелете.

Има збор пратеник господин Благој Зашов.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Би сакал да ја искористам приликата и да укажам на тоа дека консензус околу усвојувањето на оваа одлука постои и дека се разликуваме само за некои детали, особено што од опозицијата не слушнавме некои аргументи кои би можеле да ги прифатиме за учество на премиерот во оној дел од Националниот совет каде што тој би имал, така да речам и право на глас, да се измеша извршната и законодавната власт.

Од тука дискусијата на господинот Незири ја сватив како една силна подршка на донесувањето на една ваква одлука и дека смао во конкретниот случај би требало да размислиме за тоа дали премиерот да биде или не во овој Национален совет.

Ние го кажавме нашето мислење, но сакам во оваа прилика да се заблагодарам и на партијата ДУИ од опозицијата која го подржува овој предлог. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник Роза Топузова Каровска, повелете.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани предлагачи,

Навистина не би сакала да остане впечатокот дека околу ова многу важно прашање за Македонија сенема консензус, затоа што, да бидам искрена имаше обиди од одредени пратеници од парламентарното мнозинство дурида наметнат и таква теза дека и во овој момент Собранието не може да постигне консензус. Со самото тоа, со самото наметнување на таа теза уште еднаш парламентарното мнозинство сака да ја преземе целокупната вина на она што се случува лошо во државата врз себе си. Јас не се согласувам со тоа пред се како човек, како парлементарец, како луѓе кои што сме избрани да ги застапуваме интересите на граѓаните.

Почитувани колеги,

Уште еднаш ве молам да бидеме многу внимателни кога говориме за Собранието и да се обидеме навистина сите заедно да го вратиме дигнитетот. Верувајте дигнитетот на Собранието се враќа и преку она што ние овде го говориме и си го упатуваме еден на друг. Навистина, не видов ниту еден аргумент зошто не би можело претседателот на Владата да биде член на ова тело, на Советот и ако колегата Зашов кажа дека

не слушна аргументи, зошто тој би требало да биде, јас ќе кажам дека напротив не слушнавме аргументи зошто не треба д абиде освен тоа што ни беа посочени компаративните искуства. Аргументи зошто треба да биде се говореа многу. Што треба сега, да ја вратиме дискусијата на почеток и да го повторуваме она истото што досега го зборуваа пратениците од парламентарната опозиција, па потоа ќе кажете дека вие сакате повторно да правите опструкции, со долги дискусии да го одолговлечете и донесувањето на оваа одлука. Значи, д анемаме консензус. Не почитувани колеги. Нема да ги повторувам аргументите затоа што секој штобеше во оваа сала и ги следеше дискусиите многу јасно му е зошто треба да биде.

Вашиот аргумент кој што исклучиво се темели на компаративните искуства и тоа ви беше образложено, и тоа се аргументи дека во овој момент Македонија се наоѓа во исклучително важна ситуација. Јас ве молам многу сериозно сите во Парламентот да ги сфатиме пораките кои што ги добивме од Брисел. Колку и да сакаме да кажеме дека Извештајот не е негативен, не можеме тоа да го скриеме и можеби уште повеќе што тој треба да не загрижува. Затоа ве молам да бидеме поконструктивни. Навистина со одбивањето на овој амандман имам чувство како да се нема сенс во каква ситуација во овој момент се наоѓа Република Македонија.

Затоа ги замолувам пратениците од парламентарното мнозинство да го прифатат амандманот, иако опозицијата, сите партии присутни во опозицијата го искажаа својот став. Со ништо не ве условуваме да го прифатите. Во секој случај парламентарната опозиција ќе гласа за одлуката. Апсолутно, во ниту еден момент не се работи за поставување на услови, не се работи за кочење на реформите, како што сакате вие да кажете, туку се работи за нешто што треба заеднички да се разбереме. Мене не ми е јасно зошто бегате од ова. Дали го штедите премиерот сонекоја обврска помалку. На целокупната македонска јавност и преку рекламите кои што секојдневно ги гледаме на телевизиите и заземаат еден добар простор од електронските медиуми, а за тоа колку тие коштаат во друга прилика ќе говориме, да не го расипуваме сега моментот, добиваме пораки дека Владата работи 25 часа дневно од можните 24 часа. Мислам дека уште една обврска повеќе не би билона одмет, затоа што овој Совет нема да се состанува секој ден, а потребата од учеството на премиерот јас очекувам дека парламентарното мнозинство ќе ја сфати многу логично, онака како што беше и добронамерно прелдожено од опозицијата, а не на секој предлог што доаѓа од опозицијата да се има скепса дека со тоа се сака нешто лошо да се нарпави за Република Македонија, со тоа недај боже сака да се наруши угледот на премиерот или нешто во таа насока.

Дајте почитувани колеги да го изгласаме овој амандман и со тоа како што ние ќе покажеме конструктивност, не заради нешто друго, тукузаради тоа што е во прашање Република Македонија и вие покажете дека сакате да бидете конструктивни, барем во моментите кои што се од големозначење за нашата земја. Благодарма.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика пратеник госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Всушност и не е реплика, би сакала да се согласам во принцип со се што е кажано, но сметам дека ќе беше многу поприфатливо и парламентарното мнозинство со поголема доверба ќе настапеше ако шефот на опозицијата настапеше со излагање потребно е да биде премиерот таму, затоа што е премиер на државата, затоа што ќе даде свој придонес во работата на комитетот, затоа што има вакви илионакви обврски, вакви илионакви контакти во однос на државата, а не со аргументот на потценување на сите други кои ќе бидат членови на комитетот и со аргументот на единствената одлука само на премиерот. Значи, во сушност и не ви реплицирам госпоѓо Роза, но мислам дека ќе најдеме конценѕус...

**Иван Анастасовски:** Вие всушност реплика баравте.

**Весна Јаневска:** Да, да, реплика, дискутирам на темата зоштопарламентарното мнозинство сеуште размислува на таа тема. Затоа што пак парламентарната опозиција имаше аргументи, но мислам дека дел од аргументите повеќе беа понижувачки и навредувачки отколку реални, а можеше да бидат поинаку кажани. Значи во еден поконструктивен, или поконцензуален тон за да се побара потоа од мнозинството да го послуша разумот, а не да настапува евентуално сонедоверба.

Значи, покрај тоа што многу пратеници зборуваа, нема дилема ќе го направиме Националниот совет, неопходно е. Ќе учествуваат и едната и другата власт, па дури ако треба и третата затоа што е национален интерес на државата тоа да се оствари, но продолжуваат и денес кога навистина сметам дека немаше никаква потреба ситни препукувања, или ситни подметнвуања за кои навистина не гледам дека има причина.

Сепак опозицијата имаше можност и имаше право и има и потреба присуството на одредени членови во Комисијата да го аргументира многу подобро отколку со чувството дека некој е единствен кој одлучува. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги замолувам колегите рпатеници да влезат во салата, ќе пристапиме на гласањето.

(Некои пратеници влегуват во салата)

Ги повикувам уште еднаш колегите пратеници да влезат во салата ќе пристапиме кон гласањето.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, за гласале 17, нема воздржано, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од пратениците Радмила Шеќеринска, Јани Макрадули, Јован Манасиевски, Сафет Незири, Весна Бендевска, Влатко Серафимов, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Владо Бучковски и Игор Ивановски.

Молам, еден од предлагачите да се произнесе.

Има збор пратеник господин Благој Зашов, повелете.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Сакам да кажам дека како знак на конструктивност и добра волја го прифаќаме овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Амандмнот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката ја ставам на гласање.

Ги молам сите колеги кои се надвор од салата, да влезат бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, сите 68 гласале за, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за основање на национален совет за Евроинтеграции.

Со ова завршуваме со денешната работа.

Утре во 11,00 часот има нова 82 итна седница, ако завршувањето н а 82 седница продолжувеме со 78-та седница на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 19,13 часот)